# ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес

# САМОЕВАЛУАЦИЈА

2025-2027

**Вовед**

Самоевалуацијата се смета за најважен механизам за унапредување на квалитетот во образованието. Таа е иструмент за јакнење на училиштето и унапредување на квалитетот на образованието. Преку самоевалуацијата се воочуваат можностите, предностите (добри и лоши страни), но и недостатоците (слабости), со цел да се превземат потребните мерки за подобрување и да се одредат развојните приоритети и цели.

Комплексната заедница од наставници, ученици и нивните родители, мора да знае какво училиште сме ние, што е добро во нашето училиште и тоа да се поддржи и што не е добро и истото да се промени.

Со цел да добиеме одговори на овие прашања, преку прашалници и анкети спроведени на ученици, родители и наставници ги собравме и обработивме релевантните информации гледани од перспектива на сите учесници во процесот на образование.

**Лична карта**

ССОУ„Димитрија Чуповски“ свиоте почетоци  ги бележи како одделен отсек во рамките на средното училиште „Здравко Цветковски“ од Скопје од 1946 година. Школувањето на почетокот траело три, а од учебната 1950/1951 година четири години. Во рамките на струката се подготвувале кадри за потребите на хемиската индустрија, па како таа се развивала така се повеќе се разгранувала и разноликоста на потребите од кадарот. Почетоците биле тешки затоа што бројот на образовани луѓе по ослободувањето бил значително мал и во работата биле вклучени само неколку технолози, хемичари и техничари.

Во почетокот на 50-тите години од минатиот век Велес постепено прераснал во индустриски центар. Отворени се фабрики во кои биле потребни голем број профили од хемиско-технолошката струка. Затоа, на седница на Народниот одбор на Велес, на 02.07.1956 година, донесено е решение за основање на хемиско училиште со индустриска паралелка и практична обука. Ова училиште отпочнало со работа на 01.09.1956 година под името „Борис Кидрич“.

Како се проширувала индустријата и како Велес прераснувал во индустриски центар се отворале и нови профили за потребите на индустријата во општината, кадар кој веднаш по завршувањето на образованието директно се вклучувал во производството. Во овој период се отвара профилот металуршки техничар, а подоцна и профил за потребите и на текстилната индустрија.

Во учебната 1993/1994 година со решение на Министерството за образование и физичка култура училиштето се преименува во „Димитрија Чуповски“ и го добива името на познатиот македонски деец и борец за слобода.

Од учебната 2000/2001 година во училиштето беше отворена здравствена струка со профилот фармацевтски техничар, а во следните години се отвараат и паралелки со профилите медицинска сестра, физиотерапевтски техничар и медицинско-лабораториски техничар.

Во согласност со трендовите и потребите на пазарот на трудот во 2010 година се отвори нов профил во хемиско-технолошката струка - техничар нутриционист.

Денес, средното стручно општинксо училиште „Димитрија Чуповски“ е најстарото училиште во кое се изучува  хемиско-технолошката струка и најстарото средно стручно училиште од формално образование во опшина Велес. Неговата работа е во постојана корелација со локалната средина, бизнис секторот и агенцијата за вработување, со што се креира уписната политика на училиштето за секоја учебна година.

Со цел подобрување на квалитетот на наставата училиштето континуирано врши опремување и осовременување на лабараториите, кабинетите и просториите во кои се изведува наставата. а наставниот кадар постојано посетува семинари и обуки за усовршување.

Во својата 70 годишна работа во воспитно-образовната дејност наставниот кадар е максимално ангажиран во создавањето на целосно оформрни личности способни да одговорат на барањата на понатамошното образование на високошколските институции, како и во вклучувањето во производствениот процес во бизнис секторот.

Постоечки сектори и квалификации:

**СЕКТОР ХЕМИЈА-ТЕХНОЛОГИЈА**

- Хемиски лабораториски техничар,  со траење од 4 години
- Техничар за заштита на животна средина, со траење од 4 години
- Прехранбен техничар, со траење од 4 години
- Месар, со траење од 3 години
- Пекар, со траење од 3 години

**СЕКТОР ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА**

- Фармацевтски техничар, со траење од 4 години
- Медицинска сестра, со траење од 4 години
- Физиотерапевски техничар, со траење од 4 години
- Медицински лабораториско – санитарен техничар, со траење од 4 години
- Гинеколошко - акушерска сестра, со траење од 4 години
- Болничар негувател, со траење од 3 години

**ЛИЧНИ УСЛУГИ**

- Техничар за козметичка нега и убавина, со траење од 4 години

## ЦЕЛ НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

Целта на самоевалуацијата е објективно и постојано унапредување на квалитетот на работата во училиштето. Самоевалуацијата е знак дека училиштето е спремно да ја прифати одговорноста за сопствената работа и развој. Од самоевалуацијата се очекува да овозможи јакнење на училиштето и унапредување на квалитетот на воспитно-образовната работа.

### 2.1 Поединечни цели на самоевалуацијата

- Утврдување на она што е добро во училиштето;
- Утврдување на она што не е добро во училиштето со цел истото да се промени;
- Претставување во јавноста со она што добро го работиме и превземање одговорност за она што треба да се промени;
- Да се подигне нивото на одговорност на сите вклучени во процесот на воспитание и образование во училиштето, со цел подобрување на квалитетот на работата;
- Подигнување на нивото на мотивација за поквалитетна работа;
- Унапредување на професионалниот развој на сите вработени во училиштето;
- Постојано надоградување и унапредување на сопствената работа и работата на училиштето како заедница;
- Обезбедување поголема самостојност, одговорност и иновативност во училиштето;
- Превземање мерки за поефикасно и поквалитетно учење, а со тоа и постигнување подобри резултати;
- Детектирање на слабите страни и проблемите со кои се соочува училиштето и нивно надминување.

***Оваа самоевалуација не е само збир на информации и преставување на податоци. Таа треба да преставува континуиран процес на интерпретација и барање на конкретни решенија.***

## 3. ПРОЦЕС НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА



### 3.1 Формирање на тим за самоевалуација

| |
|---|
| 1. Наставни планови и програми |
| ❖ *Ртоска Љубинка – одговорен наставник<br>❖ Мицева Руска<br>❖ Андов Ѓоре<br>❖ Арсовска Милица |
| 2. Постигнувања на учениците |
| ❖ *Карагирова Силвана – одговорен наставник<br>❖ Јовиќ Мимоза<br>❖ Најдова Емилија<br>❖ Огњанова Симона |
| 3. Учење и настава |
| ❖ *Василева Бојчев Билјана – одговорен наставник<br>❖ Крстиќ Марина<br>❖ Даскалова Дијана<br>❖ Смилевска Весна |
| 4. Поддршка на учениците |
| ❖ *Јовева Валентина – одговорен наставник<br>❖ Иванова Цветанка<br>❖ Штипјанова Биљана<br>❖ Саздовска Маја |
| 5. Училишна клима и односи во училиштето |
| ❖ *Игновска Елеонора - одговорен наставник<br>❖ Гајдова Николовска Билјана<br>❖ Јанева Николова Верица<br>❖ Југова Ефимија |
| 6. Ресурси |
| ❖ *Карова Ирена – одговорен наставник<br>❖ Јованова Драгана<br>❖ Манев Дамијан<br>❖ Банев Мартина |
| 7. Управување, раководење и креирање политика |
| ❖ *Пампурова Амедоска Селма – одговорен наставник<br>❖ Дикова Емилија<br>❖ Стојчиќ Сандра<br>❖ Ј.Дечева Валентина |
| 8. Координатори на самоевалуацијата |
| ❖ Горан Јанков –д иректор<br>❖ Весна Славеска - педагог |

**ПОДРАЧЈА ЗА ВРЕДНУВАЊЕ, ИНДИКАТОРИ, ИНСТРУМЕНТИ И ТЕХНИКИ НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА**

**Подрачје 1: Наставни планови и програми**

| **Индикатор за квалитет:**<br><br>**1.1 Реализација на наставните планови и програми** | |
|---|---|
| **Јаки страни**<br>• Наставата се организира согласно наставните планови и програми – модуларно дизајнирани програми<br>• Наставниот кадар е стручен и соодветен за реализација на наставните планови и програми, подготвени од МОН и БРО<br>• Наставниците изготвуваат годишни и тематски планирања кои ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на часот<br>• Наставниците работат тимски и разменуваат меѓусебни искуства во однос на наставните програми<br>• Училиштето, со цел унапредување на наставата, зема активно учество во организирање и присуство на семинари во текот на учебната година<br>• Училиштето соработува со Центарот за средно стручно образование и обука, со невладини организации и со локалната средина<br>• Учениците, слободно, според своите афинитети, заедно со своите родители избираат кој изборен предмет ќе го изучуваат<br>• Секој ученик согласно своите афинитети избира во кои воннаставни активности ќе учествува | **Слаби страни – слабости**<br>• Постојните наставни средства и технички помагала во целост не ги задоволуваат потребите за реализација на наставата<br>• Дел од фондот на учебници е оштетен<br>• Според модуларно дизајнираните програми нема нови учебници по повеќе предмети (особено за трета и четврта година), а наставниците посочуваат материјали за реализација на програмата<br>• Слаба соработка со родителите и недоволна активност за прибирање на мислење за наставните планови и програми, обемноста на наставните планови и програми во поедини струки, како и испраќање на мислења до МОН, БРО и ЦССОО |

| | |
|---|---|
| • **На учениците кои го афирмираат училиштето и постигнуваат високи резултати на натпреварите, училиштето им доделува награди, дипломи и благодарници** | |

**Подрачје: 1 Наставни планови и програми**

**1.1 Реализација на наставните планови и програми**

| *Кои се извори и документи за увид* | *Информации кои се собирани* |
|---|---|
| • Наставни планови и програми донесени од ЦССОО, БРО и МОН<br>• Годишни и тематски планирања на наставниците<br>• Нормативни акти на училиштето<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Записници од родителски совети на училиштето<br>• Записници од родителски средби<br>• Записници од наставнички совет на училиштето и активите<br>• Годишна програма на училиштето<br>• Покани за учество на семинари<br>• Извештаи од анкетирани родители, ученици и наставници.<br>• Застапеност на изборните предмети по паралелки<br>• Дневници на паралелките<br>• Подготовка за натпревари<br>• Програма со системска промена добиена од БРО во согласност со МОН<br>• Брошури<br>• Web портал, Фејсбук страна и Инстаграм профил на училиштето | • Наставните планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од МОН. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем и ја следат визијата на училиштето<br>• Наставните планови и програми во секое време им се достапни на наставниците бидејќи се во електронска форма за секоја струка и профил и истите се користат во секојднавното работење на секој наставник<br>• Раководителите на паралелките ги запознаваат учениците со наставните планови на соодветната квалификација на состаноците со родителите и на часовите на класен раководител<br>• Предметните наставници ги запознаваат учениците со наставните програми по соодветниот предмет за тековната година<br>• Училиштето преку Советот на родители и Училишниот одбор да ги зема предвид мислењата на родителите во врска со квалитетот и обемноста на наставните планови и програми и да покренува иницијатива |

| | |
|---|---|
| | до МОН, БРО и ЦССОО доколку се бараат нивни измени и дополнувања.<br>• Во нашето училиште има мал број деца со посебни образовни потреби, а наставниците индивидуално ја адаптираат програмата за следење на наставата на овие ученици затоа што нема унифицирани и подготвени програми<br>• Училиштето ги нуди сите изборни предмети според наставниот план. Изборните предмети се избираат кон крајот на втора и трета година со писмено изјаснување (изјава) на родителите на секој ученик, по еден или два предмети (зависно од секторот или квалификацијата според модуларните програми), а истите се следат во трета или четврта година. Секој изборен предмет влегува во наставата откако ќе се формира наставна група според пропишаните нормативи од МОН<br>• Училиштето е отворено за промени и реализира проекти кои го прават училиштето поефективно, атрактивно и современо<br>• Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од МОН. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем<br>• Соработка со локалната заедница е застапена во однос на уписната политика, која се прилагодува нецелосно според потребите на бизнис заедницата на локално или регионално ниво<br>• Најголем број од наставниците не преземаат одговорност за реализација на меѓупредметни цели |

| 1.1. Реализација на наставните планови и програми | |
|---|---|
| **Јаки страни**<br>• Се користат наставни планови и програми согласно МОН и истите се достапни до наставниците на веб страната на ЦССОО и БРО.<br>• Наставниците редовно и навремено ги изготвуваат годишните, тематските и дневните планирања за реализација на наставата<br>• Изборните предмети се избираат со изјави за согласност од родителите.<br>• Училиштето подготвува и реализира проекти за унапредување на наставата и напредување на учениците | **Слаби страни - слабости**<br>• Соработката со локалната заедница не е доволна<br>• Најголем број од наставниците не преземаат одговорност за реализација на меѓупредметни цели.<br>• Слаба соработка со родителите и наставниците околу наставните планови и програми, како и мислења за истите |

## Резултати од SWOT анализите

**S**

- Наставните планови и програми се во согласност со МОН
- Плановите се достапни на веб-страниците на ЦССОО и БРО, што обезбедува транспарентност
- Наставниците редовно и навремено ги подготвуваат годишните, тематските и дневните планови
- Процесот на избор на изборни предмети вклучува согласност од родителите, што укажува на одредено ниво на вклученост
- Училиштето иницира и реализира проекти за подобрување на наставата и напредок на учениците

**W**

- Соработка со локалната заедница е недоволна
- Голем број наставници не преземаат одговорност за меѓупредметни цели
- Слаб ангажман на родителите и наставниците во однос на содржините на наставните планови и програми
- Недоволна двонасочна комуникација помеѓу училиштето и семејствата во делот на едукативно партнерство

**О**

- Потенцијал за развој на поактивна соработка со локалната заедница преку заеднички проекти и иницијативи
- Вклучување на родителите преку совети на родители, анкети, работилници и форуми
- Професионален развој на наставниците за примена на интердисциплинарен пристап и тимска работа
- Поголема транспарентност и достапност на планските документи може да поттикне поголема вклученост на сите засегнати страни

**Т**

- Недоверба или апатија од страна на родителите и заедницата може да ја отежни имплементацијата на нови проекти
- Отпор од страна на дел од наставниците за воведување иновации и нови методи (особено интердисциплинарни)
- Недоволна поддршка од надворешни институции за реализирање на проекти со пошироко влијание
- Недостиг од мотивација или ресурси за систематско подобрување на комуникацијата со заедницата и родителите

**ПРИОРИТЕТИ:**

- **Подобрување на соработката со локалната заедница**
- **Подобрување на одговорноста на наставниците за меѓупредметни цели**
- **Зајакнување на соработката со родителите**
- **Интензивирање на училишни проекти или друг вид проекти (Еразмус+ програмата) за подобрување на наставата**

**Подрачје: 1 Наставни планови и програми**

**1.2 Квалитет на наставните планови и програми**

| ***Кои се извори и документи за увид*** | ***Информации кои се собирани*** |
|---|---|
| • Стручни активи<br>• Нормативни акти на училиштето<br>• Разговор со наставници и родители<br>• Записници од активи на наставници<br>• Записници од наставнички совет<br>• Интревју со директор<br>• Анкети со наставници, родители и ученици<br>• Дневни подготовки<br>• Веб портал | • Во училиштето се почитува родовата и етничката рамноправост и мултикултурната сензитивност, а од извештаите за преземени активности од програмата МИО заклучуваме дека подеднакво се вклучени сите ученици без разлика на нивната вероисповест и пол<br>• Застапеноста на ИКТ во наставата е недоволна, а истата се должи на недостаток од техника (LCD проектори, SMART табли во училниците), застареноста на постојните и нивно се почесто откажување<br>• Користењето на ИКТ им помага на учениците за полесно совладување на наставното градиво, но истата ретко се применува од наставниците |

| **Индикатор за квалитет:**<br>**1.2 Квалитет на наставните планови и програми** | |
|---|---|
| **Јаки страни** | **Слаби страни** |
| • **Во училиштето се почитува родовата и етничката рамноправост и мултикултурната сензитивност, а од извештаите за преземени активности од програмата МИО заклучуваме дека подеднакво се вклучени сите ученици без разлика на нивната вероисповест и пол**<br>• **Наставниците подготвуваат материјали за соодветниот предмет за да им го олеснат совладувањето на материјалот на учениците** | • **Компјутерската технологија е застарена и недоволна за користење во наставата**<br>• **Користењето на ИКТ им помага на учениците за полесно совладување на наставното градиво, но истата ретко се применува кај дел од наставниците**<br>• **Учениците немаат соодветни учебници според модуларно дизајнираните наставни програми (особено во трета и четврта година), со што е отежнат наставниот процес и следењето на наставата**<br>• **Учебниците се стари и оштетени, нема нови учебници, а по дел од стручните предмети воопшто нема учебници и стручна литература** |

## Резултати од SWOT анализите

**S**

- Почитување на родовата и етничка рамноправност и промовирање на мултикултурна сензитивност
- Подедаква вклученост на сите ученици без разлика на вероисповед и пол, според извештаите од програмата МИО
- Наставниците подготвуваат дополнителни материјали за олеснување на совладувањето на наставата

**W**

- Застарена и недоволна компјутерска технологија, што ја ограничува употребата на ИКТ во наставата
- Недоволна употреба на ИКТ од страна на дел од наставниците и недоволна вклученост на дигитални алатки во наставата
- Недостаток на соодветни учебници, особено за трета и четврта година по модуларно дизајнираните програми
- Учебниците се стари, оштетени или целосно недостасуваат, особено за стручните предмети, како и за дел на општообразовните предмети

**O**

- Можност за модернизација на наставата преку подобрување на ИКТ опремата и дигитализација на наставни содржини
- Аплицирање за проекти и донации (од МОН и ЕУ програми) за набавка на опрема и литература
- Обука на наставниците за ефективна примена на ИКТ и инклузивни методи во наставата
- Интегрирање на отворени образовни ресурси како алтернатива за недостатокот на учебници

**T**

- Продолжен недостаток на современи учебници може да предизвика пад на квалитетот на наставата и незадоволство кај учениците и родителите
- Отсуство на инвестиции во технологијата може да доведе до зголемен дигитален јаз меѓу училиштето и современите образовни практики
- Зависност од ангажманот на наставниците за компензација на системските слабости може да доведе до преголема оптовареност и демотивација
- Можна нееднаквост во пристапот до ИКТ меѓу учениците (дома и на училиште), што влијае врз успехот

**ПРИОРИТЕТИ:**

- **Модернизација на ИКТ опремата**
- **Обезбедување соодветни и современи учебници (особено за стручните предмети)**
- **Зголемување на примената на ИКТ во наставата**
- **Развивање и дистрибуција на квалитетни наставни материјали**
- **Задржување и унапредување на мултикултурноста и инклузивноста**

**Подрачје: 1 Наставни планови и програми**

**1.3 Вонnаставни активности на учениците**

| *Кои се извори и документи за увид* | *Информации кои се собрани* |
|---|---|
| • Разговор со директорот<br>• Анкета со ученици, наставници и родители<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Програма за дополнителна и додатна настава<br>• Пофалници<br>• Дипломи<br>• Медали<br>• Годишна програма за работа<br>• Благодарници<br>• Web портал<br>• Разговор со стручна служба | • Училиштето планира и во целост ги реализира воннаставни активности кои се одраз на интересите и потребите на учениците<br>• Училиштето овозможува најголем број на ученици да бидат вклучени во воннаставнна активност во зависност од нивните желби и можности, не исклучувајки ги притоа учениците кои потекнуваат од семејства со низок социоекономски статус или од различен етникум<br>• Учениците се вклучуваат во воннаставните активности по сопствен избор и тие имаат водечка улога при реализацијата на воннаставните активности, а наставниците имаат советодавна и координативна улога<br>• Учениците се секогаш стимулирани и поддржани од училиштето и наставниците да учествуваат на локални и државни натпревари и манифестации и со поддршка од училиштето и наставниците се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално, регионално, државно и меѓународно ниво<br>• За постигнатите резултати учениците секогаш се наградени или пофалени со |

| | |
|---|---|
| | објавување на резултатите на порталот на училиштето, фејсбук страната и инстаграм профилот на училиштето, како и преку медиумскиот клуб на училиштето. Разгласот во училиштето не е во функција |

| **Индикатор за квалитет:**<br><br>**1.3 Воннаставни активности** | |
|---|---|
| **Јаки страни**<br><br>• **Вклученост на учениците во воннаставните активности по нивна желба**<br>• **Голем број на награди и признанија од учество на натпревари** | **Слаби страни**<br><br>• **Ангажирање на исти ученици во повеќе активности истовремено** |

## Резултати од SWOT анализите

**S**

- Учениците се мотивирани и самостојно избираат активности, што води до повисок ангажман и задоволство
- Забележани се значајни успеси и награди, што ја зголемува репутацијата на училиштето
- Активностите поттикнуваат развој на креативност, тимска работа и лидерски вештини кај учениците
- Наставниците се активни и поддржувачки во организирање на воннаставни активности

**W**

- Преголем ангажман на исти ученици може да доведе до замор, пад на академските резултати или преголем стрес
- Неправедна распределба на можностите – учениците кои не се вклучени може да се чувствуваат изоставено

- Недоволно вклучување на пасивните ученици или ученици од маргинализираните групи (ученици кои се на некаков начин спречни да се вклучат поради превоз, социолошка или финансиска причина)
- Немотивираност на учениците за вклучување во воннаставни активности
- Недоволен број на настани и активности кои што ги зближуваат учениците
- Недоволен број на активности/иницијативи предложени од страна на самите ученици.
- Ограничено време за органиацијa и промоција на активностите како и избор на активност која ќе ги привлече и мотивира учениците да учествуваат

**O**

- Може да се развие систем за ротација на учество на ученици во воннаставни активности за поголема вклученост и фер дистрибуција
- Воведување на нови типови воннаставни активности за различни интереси (уметност, технологија, волонтерство, активности од забавен карактер)
- Давање можност самите ученици да предлагаат и бираат воннаставни активности кои ќе им дозволат развивање на талентите и креативноста
- Поддршка од локалната заедница, НВО или приватен сектор за финансирање на активности
- Воспоставување на програма за развој на меки вештини преку воннаставните активности

**T**

- Преоптоварување на ангажираните ученици може да предизвика одбивност или отпор
- Недоволно препознавање и вреднување на трудот на учениците и менторите може да води кон демотивација
- Недостаток на транспарентни критериуми за избор на ученици за одредени активности може да предизвика конфликти или непријатности
- Надворешни фактори (епидемии, финансиски ограничувања, безбедносни ризици) можат да го ограничат одржувањето на воннаставните активности

**ПРИОРИТЕТИ:**

- **Подеднаква вклученост на учениците**
- **Заштита на менталното здравје и академскиот успех на учениците**
- **Диверзификација на воннаставни активности**
- **Формализирање на критериумите за избор и вклучување**
- **Поддршка и мотивација за наставниците и менторите**

## Подрачје бр. 2: Постигнување на учениците

### *2*.1 Постигнување на учениците

| ***Кои се извори и документи за увид*** | ***Информации кои се собирани*** |
|---|---|

**Кои се извори и документи за увид:**

- Дневник на паралелка III-2 здравство и социјална заштита (медицинска сестра) 2023/24 год.
- Годишен извештај за постигнати резултати 2023/24 год.

**Информации кои се собирани:**

- Постигнување на учениците од паралелката III-2

а) по наставни предмети по полова припадност (учебна 2023/24 год.)

| наставен предмет | пол | среден успех |
|---|---|---|
| македонски јазик и литература | машко | 4,25 |
| македонски јазик и литература | женско | 4,21 |
| хирушки болести со нега | машко | 4,00 |
| хирушки болести со нега | женско | 4,11 |

б) по етничка припадност (учебна 2023/24 год.)

| наставен предмет | етничка припадност | среден успех |
|---|---|---|
| македонски јазик и литература | македонци | 4,69 |
| македонски јазик и литература | бошњаци | 2,20 |
| македонски јазик и литература | турци | 2,00 |
| хирушки болести со нега | македонци | 4,46 |
| хирушки болести со нега | бошњаци | 2,40 |
| хирушки болести со нега | турци | 3,00 |

**Кои се извори и документи за увид:**

- Дневник на паралелка III-4 лични услуги (техничар за козметичка нега и убавина) 2023/24 год.
- Годишен извештај за постигнати резултати 2023/24 год.

**Информации кои се собирани:**

- Постигнување на учениците од паралелката III-4

а) по наставни предмети по полова припадност (учебна 2023/24 год.)

| наставен предмет | пол | среден успех |
|---|---|---|
| македонски јазик и литература | машко | / |
| македонски јазик и литература | женско | 4,00 |
| дерматологија | машко | / |
| дерматологија | женско | 2,78 |

| | |
|---|---|
| • Дневник на паралелка III-5 хемија и технологија (техничар за заштита на животна средина) 2023/24год.<br>• Годишен извештај за постигнати резултати 2023/24 год. | б) по етничка припадност (учебна 2023/24 год.)<br><br>наставен предмет / етничка припадност / среден успех:<br>македонски јазик и литература — македонци 4,33; бошњаци 3,00<br>дерматологија — македонци 2,92; бошњаци 2,00<br><br>• Постигнување на учениците од паралелката III-5<br>а) по наставни предмети по полова припадност (учебна 2023/24год.)<br><br>наставен предмет / пол / среден успех:<br>македонски јазик и литература — машко 2,28; женско 4,44<br>одржлив развој — машко 2,00; женско 3,67<br><br>б) по етничка припадност (учебна 2023/24 год.)<br><br>наставен предмет / етничка припадност / среден успех:<br>македонски јазик и литература — македонци 4,28; албанци 2,20; бошњаци 3,00; турци 4,00<br>одржлив развој — македонци 3,57; албанци 2,00; бошњаци 2,50; турци 3,50<br><br>• Одржување на дополнителна и додатна настава учебна 2023/24год. |

б) по етничка припадност (учебна 2023/24 год.)

| наставен предмет | етничка припадност | среден успех |
|---|---|---|
| македонски јазик и литература | македонци | 4,33 |
| | бошњаци | 3,00 |
| дерматологија | македонци | 2,92 |
| | бошњаци | 2,00 |

а) по наставни предмети по полова припадност (учебна 2023/24год.)

| наставен предмет | пол | среден успех |
|---|---|---|
| македонски јазик и литература | машко | 2,28 |
| | женско | 4,44 |
| одржлив развој | машко | 2,00 |
| | женско | 3,67 |

б) по етничка припадност (учебна 2023/24 год.)

| наставен предмет | етничка припадност | среден успех |
|---|---|---|
| македонски јазик и литература | македонци | 4,28 |
| | албанци | 2,20 |
| | бошњаци | 3,00 |
| | турци | 4,00 |
| одржлив развој | македонци | 3,57 |
| | албанци | 2,00 |
| | бошњаци | 2,50 |
| | турци | 3,50 |

Одржување на дополнителна и додатна настава учебна 2023/24год.

| паралелка | дополнителни часови | додатни часови |
|---|---|---|
| III-2 | 14 | 87 |
| III-4 | 34 | 6 |
| III-5 | 47 | 13 |

- Дневник на паралелка III-1 здравство и социјална заштита (фармацевтски техничар) 2024/25 год.
- Годишен извештај за постигнати резултати 2024/25 год.

- Постигнување на учениците од паралелката III-1

а) по наставни предмети по полова припадност (учебна 2024/25 год.)

| наставен предмет | пол | среден успех |
|---|---|---|
| македонски јазик и литература | машко | 3,00 |
| | женско | 4,41 |
| Фармацевтска технологија | машко | 4,00 |
| | женско | 4,23 |

б) по етничка припадност (учебна 2024/25 год.)

| наставен предмет | етничка припадност | среден успех |
|---|---|---|
| македонски јазик и литература | македонци | 4,57 |
| | роми | 4,00 |
| | бошњаци | 4,00 |
| Фармацевтска технологија | македонци | 4,57 |
| | роми | 3,50 |
| | бошњаци | 4,00 |

- Дневник на паралелка III-4 лични услуги (техничар за козметичка нега и убавина) 2024/25 год
- Годишен извештај за постигнати резултати 2024/25 год.

- Постигнување на учениците од паралелката III-4

а) по наставни предмети по полова припадност (учебна 2024/25 год.)

| наставен предмет | пол | среден успех |
|---|---|---|
| македонски јазик и литература | машко | / |
| | женско | 3,40 |
| козметологија | машко | / |
| | женско | 2,95 |

- Дневник на паралелка III-5 хемија и технологија (техничар за заштита на животна средина) 2024/25 год
- Годишен извештај за постигнати резултати 2024/25 год.

б) по етничка припадност (учебна 2024/25 год.)

| наставен предмет | етничка припадност | среден успех |
|---|---|---|
| македонски јазик и литература | македонци | 3,39 |
| | роми | 3,00 |
| | бошњаци | 4,00 |
| козметологија | македонци | 2,94 |
| | роми | 2,00 |
| | бошњаци | 4,00 |

- Постигнување на учениците од паралелката III-5

а) по наставни предмети по полова припадност (учебна 2024/25 год.)

| наставен предмет | пол | среден успех |
|---|---|---|
| македонски јазик и литература | машко | 3,00 |
| | женско | 3,89 |
| обновливи извори на енергија | машко | 4,00 |
| | женско | 4,33 |

б) по етничка припадност (учебна 2024/25 год.)

| наставен предмет | пол | среден успех |
|---|---|---|
| македонски јазик и литература | македонци | 4,00 |
| | роми | 2,00 |
| | бошњаци | 3,00 |
| | срби | 5,00 |
| | албанци | 2,00 |
| обновливи извори на енергија | македонци | 4,75 |
| | роми | 3,00 |
| | бошњаци | 3,50 |
| | срби | 5,00 |
| | албанци | 2,00 |

<table>
<tr><td></td><td>

- Одржување на дополнителна и додатна настава учебна 2024/25год.

| паралелка | дополнителни часови | додатни часови |
|---|---|---|
| III-1 | 35 | 31 |
| III-4 | 35 | 7 |
| III-5 | 35 | 25 |

</td></tr>
</table>

<table>
<tr><th colspan="2">Индикатор за квалитет:<br><br>2.1 Постигања на учениците</th></tr>
<tr><td>

**Јаки страни**

- **Континуирано следење и превземање конкретни активности за постојано подобрување на постигнувањата на учениците според наставни предмети, квалификациони периоди, пол и етничка припадност**
- **Континуирано следење на редовноста на учениците и анализирање на причините за отсуство од наставата како и преземање активности за зголемување на редовноста**
- **Идентификување на надарени ученици и реализирање на додатна настава за нив**
- **Соработка со локалната заедница и вклучување на учениците во сите активности организирани од истата**
- **Висока мотивираност на учениците од секторот здраство и социјална заштита за постигнување на подобар успех**

</td><td>

**Слаби страни**

- **Слаба мотивираност на учениците од секторите лични услуги и хемија и технологија за постигнување на подобар успех**
- **Недоволна примена на ИКТ во секојдневниот наставен процес**
- **Учениците кои користат превоз често не се во можност да ги посетуваат часовите за дополнителна настава поради превозот**

</td></tr>
</table>

## Резултати од SWOT анализите

**S**

- Соработка со родителите со цел подобрување на успехот, редовноста и поведението на учениците
- Идентификување на талентирани ученици и нивно континуирано учество на натпревари и постигнување високи резултати

**W**

- Нееднаква мотивираност на учениците од различни сектори за постигнување на подобар успех
- Немање доволно технички услови и опрема за примена на ИКТ во секојдневната настава

**O**

- Зголемување на посетеноста на часовите за дополнителна настава со цел постигнување на подобар успех
- Обезбедување технички услови и опрема за примена на ИКТ во наставата

**T**

- Учениците кои користат превоз не се секогаш во можност да ги посетуваат часовите за дополнителна настава
- Недоволно опремени училници со ИКТ опрема

---

**ПРИОРИТЕТИ:**

- **Опремување на училниците со ИКТ опрема**
- **Поттикнување на учениците за посета на часовите за дополнителна настава**

**Подрачје бр. 2: Постигнување на учениците**

**2.2 Осипување на учениците**

| *Кои се извори и документи за увид* | *Информации кои се собирани* |
|---|---|
| • Е - дневник<br>• Главни книги<br>• Годишен извештај за работа на училиштето | • Бројот на ученици кои го напуштаат училиштето се зголемува |

| **Индикатор за квалитет:**<br><br>**2.2 Осипување на ученици** | |
|---|---|
| **Јаки страни**<br><br>• **Анализирање на причините за напуштање на училиштето од страна на учениците и превземање на активности за намалување на осипувањето** | **Слаби страни**<br><br>• **Училиштето нема влијание врз конкретните причини (услови во ученички дом, заминување во странство) за осипувањето на учениците.** |

**Резултати од SWOT анализите**

**S**

- Согледување на реалните причини за напуштање на училиштето од страна на учениците.

**W**

- Немање можност училиштето директно да влијае врз причините за осипување на учениците.

**O**

- Подобрување на соработката на училиштето со локалната самоуправа и вработените во ОУД „Лазар Лазаревски“

**T**

- Напуштање на образованието поради иселување од државата и условите во ученичкиот дом во Велес

**ПРИОРИТЕТИ:**

- **Зголемена соработка на училиштето со локалната самоуправа и вработените во ОУД „Лазар Лазаревски**

**Подрачје бр. 2: Постигнување на учениците**

**2.3 Повторување на учениците**

| ***Кои се извори и документи за увид*** | ***Информации кои се собирани*** |
|---|---|
| • Годишен извештај за работа на училиштето<br>• Интервју со педагог | • Процентот на ученици кои не ја завршуваат годината е во пораст |

| | |
|---|---|
| • Е-дневник | • Учениците кои ја повторуваат годината се од секторите хемија и технологија и лични услуги |

| **Индикатор за квалитет:**<br>**2.3 Повторување на учениците** | |
|---|---|
| **Јаки страни** | **Слаби страни** |
| • **Идентификување и анализирање на причини за повторување на учениците како и превземање навремени мерки за намалување на бројот на ученици кои ја повторуваат годината**<br>• **Следење на редовноста на учениците и анализирање на причините за отсуство од настава**<br>• **Редовна соработка со родителите на учениците со послаб успех и голем број на изостаноци** | • **Слаба мотивираност на учениците за постигнување на подобар личен успех**<br>• **Работата со ученици со ниски предзнаења од основно образование не е на задоволително ниво**<br>• **Учениците кои патуваат поради превозот често не се во можност да ги посетуваат часовите за дополнителна настава** |

## Резултати од SWOT анализите

**S**

- Идентификување на ученици со потешкотии во учењето и континуирана соработка со нивните родители

**W**

- Недоволна работа со ученици со ниски предзнаења од основно образование

**O**

- Реализирање на дополнителна настава онлајн со цел да ја следат сите ученици

**T**

- Ниски предзнаења на учениците од основно образование

## ПРИОРИТЕТИ:

- **Работа на ученици со ниски предзнаења од основно образование**

**Подрачје бр. 3: Учење и настава**

**3.1 Планирања на наставниците**

| ***Кои се извори и документи за увид*** | ***Информации кои се собирани*** |
|---|---|
| • Анкетни прашалници спроведени кај наставници, ученици и родители<br>• Стручна служба | • Информации во врска со форми и методи во реализација на наставата, примена на ИКТ, домашни задачи и материјали што се користат како дополнителни извори на знаења |

| **Индикатор за квалитет:**<br>**3.1 Планирања на наставниците** | |
|---|---|
| **Јаки страни**<br><br>• **Изработка на планови за работа на наставниците со разновидни методи и форми, примена на современа ИКТ, нагледни средства и активирање на претходни знаења и вештини**<br>• **Навремено планирање на теми и модули во текот на учебната година**<br>• **Соработка помеѓу наставници од сродни предмети во рамки на училиштето за изработка на планови за реализација на наставата** | **Слаби страни**<br><br>• **Недоволна опременост на кабинетите и училниците за целосна реализација на планираната ИКТ настава**<br>• **Недостаток на доволно нагледни средства за реализација како на теоретската, така и на практичната настава**<br>• **Недоволна соработка со надворешни соработници за изработка на планови за реализација на наставата**<br>• **Распоредот на часови не секогаш е во согласност со интересите на учениците**<br>• **Усогласеност на планирањата на наставниците на ниво на стручен актив**<br>• **Недоволна транспарентност на критериуми за оценување** |

## Резултати од SWOT анализите

**S**

- Навремено планирање, изработка на планови со разновидни методи и форми, примена на современа ИКТ, нагледни средства и активирање на претходни знаења и вештини

**W**

- Недоволна опременост на кабинетите и училниците како и нагледни средства за целосна реализација на планираната ИКТ/практична настава

**O**

- Преку современи методи на работа, вклучување различни методи и форми соодветни на начинот на учење на учениците и примена на разни апликации, се создаваат услови и можности за поголема интеракција на часот, зголемен интерес на учениците, натпреварувачки дух, а со самото тоа и поквалтетна реализација на наставните планови и програми

**T**

- Намален интерес на учениците за изучување на одредени наставни планови и програми

---

## ПРИОРИТЕТИ

- **Набавка на современа опрема, нагледни средства и технологија со цел зголемување на интересот на учениците за време на наставата и целосна реализација на планираните форми и методи**

### 3.2 Наставен процес

| *Кои се извори и документи за увид* | *Информации кои се собирани* |
|---|---|
| • Анкетни прашалници спроведени кај наставници, ученици и родители | • Тек на наставниот процес, мотивација на учениците, користење на наставни средства при наставниот процес, следење на работата на наставниците |

| **Индикатор за квалитет:**<br>**3.2 Наставен процес** | |
|---|---|
| **Јаки страни**<br><br>• **Поголем дел од наставниците користат разновидни методи и форми за да ги постигнат целите во наставата**<br>• **Дел од наставниците задаваат домашни работи**<br>• **Се користат различни материјали и дополнителна литература**<br>• **Се промовира и поттикнува взаемно почитување, соработка и разбирање меѓу учениците** | **Слаби страни**<br><br>• **Дел од учениците не ја доживуваат училницата како стимулирачка и мотивирачка средина која поттикнува интерес за учење**<br>• **Учеството во текот на наставата и придонесот на часот од страна на учениците не се вреднува доволно кај дел од наставниците** |

## Резултати од SWOT анализите

**S**

- Навремено планирање, изработка на планови со разновидни методи и форми, примена на современа ИКТ, нагледни средства и активирање на претходни знаења и вештини

**W**

- Недоволна опременост на кабинетите и училниците како и нагледни средства за целосна реализација на планираната ИКТ/практична настава

**O**

- Преку современи методи на работа, вклучување различни методи и форми соодветни на начинот на учење на учениците и примена на разни апликации, се создаваат услови и можности за поголема интеракција на часот, зголемен интерес на учениците, натпреварувачки дух, а со самото тоа и поквалтетна реализација на наставните планови и програми

**T**

- Намален интерес на учениците за изучување на одредени наставни планови и програми

## ПРИОРИТЕТИ

- **Надоградување на знаењето на наставниот кадар за работа со современа технологија со цел подобрување на мотивацијата на учениците, а со тоа и нивната желба за стекнување трајни знаења, ане само оценка**

### 3.3 Искуства на учениците од учењето

| *Кои се извори и документи за увид* | *Информации кои се собирани* |
|---|---|
| • Анкетни прашалници спроведени кај наставници, ученици и родители | • Учество во проекти во и надвор од училиштето, натпревари, изработка на домашни задачи и разни трудови |

| **Индикатор за квалитет:**<br>**3.3 Искуства на учениците од учењето** | |
|---|---|
| **Јаки страни** | **Слаби страни** |
| • **Се идентификиваат талентираните ученици и се поттикнуваат да учествуваат во разни натпревари**<br>• **Се поттикнуваат учениците да земат учество во различни проекти и активности во согласност со нивните интереси**<br>• **Училиштето нуди различни начини кои овозможуваат развивање на критичко размислување кај талентираните ученици** | • **Дел од учениците не ја доживуваат училницата како стимулирачка и мотивирачка средина која поттикнува интерес за учење**<br>• **Учеството во текот на наставата и придонесот на часот од страна на учениците не се вреднува доволно кај дел од наставниците** |

## Резултати од SWOT анализите

**S**

- Учениците се поттикнуваат да земат учество во различни активности, да го искажуваат своето мислење и самостојно да изведуваат заклучоци за она што го учат

**W**

- Дел од учениците не ги сметаат активностите во училиштето за интересни и пријатни

**O**

- Редовно известување за изработените трудови на учениците на социјалните мрежи, нивно поставување на соодветно место во училиштето и дисеминација за активностите што се спроведуваат
- Поголем број на проекти меѓу учениците и наставниците во и надвор од училиштето со цел поголема афирмација

**T**

- Недоволна финансиска поддршка за реализација на дел од планираните проекти во кои се вклучени учениците

  Поради ангажирање на едни исти ученици во различни активности, трпи редовната настава

## ПРИОРИТЕТИ

- **Превземање на мерки и прилагодување на наставните содржини со цел да се поттикнат и останатите ученици да земат активно учество во различни проекти/активности надвор од редовната настава и промоција на истите**

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

| *Кои се извори и документи за увид* | *Информации кои се собирани* |
|---|---|
| • Анкетни прашалници спроведени кај наставници, ученици и родители | • Препознавање на образовните потреби на ученикот во совладување на материјалот и пронаоѓање на начини за совладување на потешкотиите |

| **Индикатор за квалитет:**<br>**3.4 Задоволување на потребите на учениците** | |
|---|---|
| **Јаки страни**<br>• **Наставниот кадар навремено ги идентификува образовните потреби на учениците и работи во согласност со нив**<br>• **Наставниците даваат јасни инструкции и упатства за работа на часовите**<br>• **Наставниците ги поттикнуваат талентираните ученици да користат дополнителна литература и да посетуваат додатна настава со цел подготовка за натпревари** | **Слаби страни**<br>• **Учениците кои имаат потешкотии при совладување на материјалот недоволно посетуваат дополнителна настава**<br>• **Немање работна атмосфера и заинтересираност на учениците во паралелките со послаб успех** |

**Резултати од SWOT анализите**

**S**

- Наставниот кадар навремено ги препознава талентираните ученици и учениците со потешкотии во учењето, ги поттикнува да посетуваат додатна и дополнителна настава и им дава јасни насоки за работа на часовите

**W**

- Недоволна посетеност на учениците со потешкотии во учењето и нивна незаинтересираност на часевите за дополнителна настава

**O**

- Поголемо вреднување на трудот на талентираните ученици од страна на училиштето, локалната самоуправа и соодветните државни органи преку финансиска поддршка и стипендии
- Изнаоѓање начини за работа кои ќе ги активираат/мотивираат недоволно заинтересираните ученици од паралелките со послаб успех

**T**

- Немање доволно ресурси за спроведување на истражувачка работа од страна на талентираните ученици.

Одлив на учениците кои имаат потешкотии во совладувањето на материјалот и послаб успех

**ПРИОРИТЕТИ**

- **Изнаоѓање на начини за зголемување на присуството и интересот на учениците за дополнителна настава**
- **Обезбедување на соодветни ресурси и финансиска поддршка за истражувачката работа и наградување на трудот на талентираните ученици**

**3.5 Оценувањето, како дел од наставата**

| ***Кои се извори и документи за увид*** | ***Информации кои се собирани*** |
|---|---|
| • Анкетни прашалници спроведени кај наставници, ученици и родители | • Методи и инструменти за следење на напредокот на ученикот и критериуми за оценување |

| **Индикатор за квалитет:**<br>**3.5 Оценувањето, како дел од наставата** | |
|---|---|
| **Јаки страни**<br>• **Наставниците континуирано го следат успехот на учениците.**<br>• **Голем дел од наставниците имаат усогласени критериуми за оценување**<br>• **Информациите од оценувањето наставниците ги користат за да се следат работата, напредокот и постигнувањата на учениците** | **Слаби страни**<br>• **Дел од наставниците не користат различни методи и инструменти во оценувањето.**<br>• **Дел од наставниците недоволно посочуваат како да се подобри работата и успехот на ученикот** |

## Резултати од SWOT анализите

**S**

- Наставниците континуирано го следат успехот на учениците и ги користат информациите за да го подобрат планирањето и спроведувањето на наставата

**W**

- Дел од наставниците не користат различни методи и инструменти во оценувањето и недоволно посочуваат како да се подобри работата и успехот на учениците

**O**

- Примена на различни методи и инструменти во оценувањето и давање можност на учениците за изразување на знаењата согласно нивните способности

**T**

- Периодично учење на учениците и намален интерес за активирање во текот на часот
- Само писменото оценување создава можност за злоупотреба на напредната технологија и стекнување со незаслужена оценка

## ПРИОРИТЕТИ

- **Земање во предвид на способностите за различно изразување и учење на учениците при оценување на нивните знаења преку примена на различни форми и методи**
- **Задолжителна обука за младиот наставен кадар за изработка на критериуми за оценување**

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

| ***Кои се извори и документи за увид*** | ***Информации кои се собирани*** |
|---|---|
| • Анкетни прашалници спроведени кај наставници, ученици и родители | • Повратни информации за работата, напредокот и постигнувањата на учениците<br>• Начини за информирање на родителите за работата, напредокот и постигнувањата на учениците |

| **Индикатор за квалитет:**<br>**3.6 Известување за напредокот на учениците** | |
|---|---|
| **Јаки страни**<br>• **Редовно организирање на родителски средби**<br>• **Индивидуални средби со родители**<br>• **Информирање на родителите за успехот и редовноста на учениците преку електронскиот дневник**<br>• **Наставниците имаат приемен ден за консултација со родители** | **Слаби страни**<br>• **Подобра организација на родителските средби со вклучување на конкретни теми за дискусија со родителите за кои навремено ќе бидат известени**<br>• **Навремено внесување на оценките на учениците во е-дневникот**<br>• **Родителите не се запознаени со приемните денови на наставниците** |

## Резултати од SWOT анализите

**S**

- Родителите имаат различни можности за информирање и следење на напредокот и постигнувањата на учениците

**W**

- Послаба комуникација на родителите со предметните наставници

**O**

- Редовното следење на успехот и однесувањето на учениците од страна на нивните родители ќе овозможи подобар успех и поголема редовност на часовите

**T**

- Незаинтересираноста на родителите може да влијае на намалување на интересот на учениците за наставата, а со тоа на нивниот успех

## ПРИОРИТЕТИ

- **Мотивирање на родителите за почеста комуникација со предметните наставници, нивна поголема присутност во училиштето и на родителските средби**

**Подрачје бр. 4: Поддршка на учениците**

**4.1 Севкупна грижа за учениците**

| ***Кои се извори и документи за увид*** | ***Информации кои се собирани*** |
|---|---|
| • Закон за средно образование<br>• Статут на училиштето<br>• Кодекс на облекување на учениците<br>• Кодекс на однесување во училиштето<br>• Кодекс за однесување во спортската сала<br>• Интервју со педагогот<br>• Интерен акт за постапување во случај на елементарни непогоди<br>• Увид во просторни капацитети на училиштето<br>• Годишна програма за работа на училиштето<br>• Анкета со ученици<br>• Анкета со наставници<br>• Анкета со родители<br>• Извештаи од реализирани активности од проектот „ Безбедни училишта “<br>• Увид во евиденција за осигурување на учениците<br>• Договор за обезбедување на учениците | • Училишниот простор е безбеден за изведување настава<br>• Мебелот, скалите, подовите, кровот, прозорите, струјните места, дворот, спортската сала се делумно безбедни за учениците<br>• Во училиштето има обучен кадар за давање на прва помош на учениците при несреќни случаи во училиштето<br>• Во училиштето се забранува секаков облик на насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците<br>• Училиштето во целост не го спроведува законот за заштита од пушење<br>• Во близина и во училиштето се достапни алкохол и дрога<br>• Училиштето нема начини да спречи користење алкохол и наркотични средства во неговиот двор<br>• За време на одморот учениците немаат доволно време да купат и конзумираат оброк, а достапната храна не е квалитетна и со пристапни цени<br>• Во училиштето не се води кампања за здрава исхрана меѓу учениците<br>• Пристапот во училиштето е прилагоден за ученици со телесни пречки во развојот<br>• Во училиштето се организираат хуманитарни акции за помош на ученици од социјално загрозени семејства<br>• Санитарните чворови кои ги користат учениците не се дазинфицираат најмалку три пати на ден<br>• Хигиената во училишните ходници, училниците и дворот не се одржува редовно<br>• Свеста на учениците не е на доволно високо ниво за одржување на хигиената во училниците<br>• Потребна е соодветна програма за подигнување на здравствената култура и |

| | |
|---|---|
| | хигиена на учениците која би ја организирале соодветни лица<br>• Учениците не добиваат доволно јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование<br>• Училиштето нема изградено систем за самооценување на вештините и интересите на учениците<br>• Училиштето во целост не им нуди на учениците добро организирана практична настава<br>• Во училиштето во целост не се организира современа практичната настава<br>• Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на учениците<br>• Во училиштето има добра соработка меѓу стручната служба, учениците, родителите и наставниците<br>• Во училиштето се води анализа на севкупниот успех на учениците по паралелки процес<br>• Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес |

| **Индикатор за квалитет:<br>4.1 Севкупна грижа за учениците** | |
|---|---|
| **Јаки страни**<br><br>• **Училишниот простор е безбеден за изведување настава**<br>• **Во училиштето има обучен кадар за давање на прва помош на учениците при несреќни случаи во училиштето**<br>• **Осигурување на ученици за време на образовниот процес**<br>• **Во училиштето се забранува секаков облик на насилство** | **Слаби страни**<br><br>• **Училиштето не го спроведува законот за заштита од пушење**<br>• **Во училиштето не се води кампања за здрава исхарана меѓу учениците**<br>• **Санитарните чворови кои ги користат учениците не се дазинфицираат најмалку три пати на ден**<br>• **Потребна е соодветна програма за подигнување на здравствената** |

| | |
|---|---|
| **манифестиран од страна на возрасните и учениците**<br>• **Пристапот во училиштето е прилагоден за ученици со телесни пречки во развојот**<br>• **Во училиштето се организираат хуманитарни акции за помош на ученици од социјално загрозени семејства**<br>• **Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на учениците**<br>• **Во училиштето има добра соработка меѓу стручната служба, учениците, родителите и наставниците**<br>• **Во училиштето се води анализа на севкупниот успех на учениците по паралелки**<br>• **Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес** | **култура и хигиена на учениците која би ја организирале соодветни лица** |

## Резултати од SWOT анализите

**S**

- Училиштето е безбеден простор за изведување на настава, без насилство помеѓу учениците, со обезбеден пристап на учениците со хендикеп
- Училиштето води грижа за социјално ранливите семејста
- За секој ученик се води евиденција за постигањата на учениците во текот на целата година

**W**

- Училиштето треба да превзема мерки за поголема хигена во училиштето, начини на оддалечување на учениците од достапноста на алкохол и дрога, како и модернизација на кабинети и лаборатории со цел на пратење на трендот на нова технологија при изведување на наставниот процес и практичната работа

**О**

- Обновување на мебелот во училиштето
- Обезбедување на доволно време за набавка на храна како и храна со подобар квалитет и пониски цени
- Поголема контрола при изведување на практичната настава како и поквалитетна практична настава
- Зголемување на свеста на учениците за одржување на хигената во училиштето и училишниот двор

**Т**

- Недоволно превземање мерки за спречување на пушење на недозволени места
- Не се спреведува кампања (работилница) за здрава храна кај учениците

**ПРИОРИТЕТИ**

- **Модернизација на училиштето (мебел, апарати, прибор за работа и сл)**
- **Спроведување на работилници со учениците за одржување на лична хигена како и хигена во училиштето**
- **Изготвување на правилник за пушење надвор од училишната зграда и означување на места за пушење**

### 4.2 Здравје

| ***Кои се извори и документи за увид*** | ***Информации кои се собирани*** |
|---|---|
| • Анкета со учениците<br>• Анкета со наставници<br>• Анкета со родители<br>• Фактури за набавка за одржување на зграда<br>• Интервју со благајник, педагог и директор<br>• Увид во училници, лаборатории, кабинети, работилници<br>• Увид во е-дневник за организирани предавања во училиштето на теми за здравјето на учениците и превенција од болести како и извршени систематски прегледи на учениците и вакцинација<br>• Годишно планирање за класен час<br>• Список за осигурување на учениците | • Во училиштето не се води кампања за здрава исхрана меѓу учениците<br>• Пристапот во училиштето е прилагоден за ученици со телесни пречки во развојот<br>• Во училиштето се организираат хуманитарни акции за помош на ученици од социјално загрозени семејства<br>• Санитарните чворови кои ги користат учениците не се дезинфицираат најмалку три пати на ден<br>• Хигиената во училишните ходници, училниците и дворот не се одржува редовно<br>• Свеста на учениците не е на доволно високо ниво за одржување на хигиената во училниците |

| | |
|---|---|
| | • Потребна е соодветна програма за подигнување на здравствената култура и хигиена на учениците која би ја организирале соодветни лица<br>• Се организираат редовни систематски прегледи во прва и четврта година<br>• Календарот за вакцинација е запазен во целост<br>• Најголем дел од учениците имаат осигурување реализирано преку училиштето<br>• Во училиштето не се набавува доволна количина на средства за чистење на тоалетите и училишната зграда, течен сапун и други средства за хигена<br>• Во училиштето се организираат редовни предавања за здравјето и заштита на здравјето од страна на лекарите вработени во училиштето, а од страна на класните раководители се обработуваат теми на класните часеви |

| **Индикатор за квалитет:**<br>**4.2 Создавање на здрава средина за учење и развивање на здрави навики кај учениците за одржување на личната хигена како и хигената во училиштето.** | |
|---|---|
| **Јаки страни** | **Слаби страни** |
| • **Пристапот во училиштето е прилагоден за ученици со телесни пречки во развојот**<br>• **Во училиштето се организираат хуманитарни акции за помош на ученици од социјално загрозени семејства**<br>• **Се организираат редовни систематски прегледи во прва и четврта година**<br>• **Календарот за вакцинација е запазен во целост**<br>• **Најголем дел од учениците се осигурани** | • **Во училиштето не се води кампања за здрава исхарана меѓу учениците**<br>• **Санитарните чворови кои ги користат учениците не се дезинфицираат најмалку три пати на ден**<br>• **Хигиената во училишните ходници, училницитe и дворот не се одржува редовно**<br>• **Свеста на учениците не е на доволно високо ниво за одржување на хигиената во училниците**<br>• **Потребна е соодветна програма за подигнување на здравствената култура и хигиена на учениците која би ја изготвиле соодветни лица** |

| | |
|---|---|
| | • **Во училиштето не се набавува доволна количина на средства за чистење на тоалетите и училишната зграда, течен сапун и други средства за хигена** |

**Резултати од SWOT анализите**

**S**

- Во училиштето се води сметка за ученици со телесни повреди, како и за учениците од социјално ранливите семејства

**W**

- Малиот број на хигеничари вработени во училиштето е најголемата закана за хигената во училиштето

**O**

- Организирање на активности поврзани со здрави навики на конзумирање на здрава храна од страна на учениците

**T**

- Слаба хигена во училишните тоалети и недоволно грижа за користење на здрава храна кај учениците.

**ПРИОРИТЕТИ**

- **Вработување на дополнителен број на хигеничари во училиштето**
- **Организирање на работилници и трибини за здрава храна**

### 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

| *Кои се извори и документи за увид* | *Информации кои се собирани* |
|---|---|
| • Годишен извештај за воспитно-образовната работа во училиштето<br>• Годишна програма за воспитно – образовната работа во училиштето<br>• Анкета со ученици<br>• Анкета со родители<br>• Интервју со стручна служба | • Учениците добиваат делумно јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование<br>• Разговор со учениците за време на класните часеви и упатување на учениците за web страна на кои можат |

| | |
|---|---|
| • Е-дневник- соработка со локалнта заедница<br>• Разговор со кариерен советник<br>• Разговор со класни раководители од четврта година за начинот на информирање на учениците за понатамошно школување | да дознаат повеќе околу факултетите за кои се заинтересирани<br>• Посета на универзитети од нашата држава но најчесто тоа се приватните факултети или факултети со помал интерес за студирање<br>• Нема организирана посета на факултети кои се наоѓаат во другите градови<br>• Во училиштето има 3 кариерни советници како и просторија за кариерно советување на учениците но нивниот интерес не е во голем број<br>• Изборните предмети кои се потребни за понатамошно образование некогаш се наметнати поради законската регулатива според која бројот на ученици во група треба да биде минимум 17 ученици |

| **Индикатор за квалитет:**<br>**4.3 Број на ученици кои соодветно го избрале своето понатамошно образование** | |
|---|---|
| **Јаки страни** | **Слаби страни** |
| **• Совети и тестирање на учениците за соодветен избор за понатамошно школување**<br>**• Постои катче за кариерно советување во училиштето**<br>**• Во училиштето постојат содржини програмирани од училиштето во втора година за кариерно советување на учениците**<br>**• Споделување на линкови за упис на високообразовните институции во земјата и странство** | **• Во училииштето не се изработуваат брошури или флаери за понатамошно школување на учениците**<br>**• Изборните предмети кои ќе придонесат за определување на професионалниот развој на учениците не секогаш се по желба или интерес на учениците**<br>**• Недоволна информираност на учениците за изборот на нивното понатамошно образование**<br>**• Нема определени денови на работа на кариерните советници со цел да се даде помош на неопределените ученици за продолжување на школувањето** |

| | |
|---|---|
| | • **Мал број на меморандуми со високообразовните институции** |

## Резултати од SWOT анализите

**S**

- Училиштето располага со кариерни советници и кариерно катче за советување на учениците, како и содржини програмирани од училиштето за кариерно советување во втора година

**W**

- Наставниците кои ги држат часевите за кариерно советување немаат сертификат за кариерни советници

**O**

- Учениците не добиваат доволно јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование

**T**

- Училиштето не организира посета на факултети надвор од нашата општина

## ПРИОРИТЕТИ

- **Склучување меморандуми за соработката со високообразовните институции каде нашите ученици го продолжуваат своето образование**
- **Определување на термини за работа на учениците со кариерен советник**
- **Изготвување на брошури или флаери кои ќе им го олеснат определувањето и уписот на учениците на саканите факултети**

### 4.4 Следење на напредокот на учениците

| *Кои се извори и документи за увид* | *Информации кои се собирани* |
|---|---|
| • Извештаи од секој класификационен период во текот на наставната година<br>• Евидентни листови за секој ученик<br>• Извештаи за резултати од Државна матура и Завршен испит<br>• Записници од родителски средби<br>• Записници од Совет на родители<br>• Записници од средношколска заедница | • Училиштето нема изградено систем за самооценување на вештините и интересите на учениците<br>• Училиштето им нуди на учениците релативно добро организирана практична настава<br>• Во училиштето се организира делумно современа практичната настава |

| | |
|---|---|
| • Стандарди за оценување на учениците<br>• Анкети на ученици, родители и наставници<br>• Извештаи од одржани натпревари и резултати од истите | • Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата , редовноста и поведението на учениците<br>• Во училиштето има добра соработка меѓу стручната служба, учениците, родителите и наставниците<br>• Учениците покажуваат одлични резултати на натпревари по различни предмети и на различно ниво ( општински, регионални, државни и меѓународни)<br>• Во училиштето се води анализа на севкупниот успех на учениците по паралелки и индивидуално за секој ученик<br>• Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес |

| **Индикатор за квалитет:**<br>**4.4 Следење на напредокот на учениците** | |
|---|---|
| **Јаки страни** | **Слаби страни** |
| • **Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на учениците**<br>• **Во училиштето има добра соработка меѓу стручната служба, учениците, родителите и наставниците**<br>• **Во училиштето се води анализа на севкупниот успех на учениците по паралелки** | • **Училиштето нема изградено систем за самооценување на вештините и интересите на учениците**<br>• **Училиштето им нуди на учениците релативно добро организирана практична настава**<br>• **Во училиштето се организира делумно современа практичната настава** |

## Резултати од SWOT анализите

**S**

- Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик како и севкупна анализа на успехот која е пропратена со добра соработка меѓу стручната служба, учениците, родителите и наставниците

**W**

- Недоволна современа опременост на училници, кабинети, работилници

**O**

- Реализација на додатна и дополнителна настава во поголем процент и од страна на сите наставници

**T**

- Училиштето нема изградено систем за самооценување на вештините и интересите на учениците

---

**ПРИОРИТЕТИ:**

- **Модернизација на работните простории во училиштето**
- **Изготвување на документ за самооценување на вештините и интересите на учениците**
- **Поголема контрола околу реализација на дополнителна и додатна настава**

## Подрачје бр. 5: Училишна клима и односи во училиштето

### 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

| ***Кои се извори и документи за увид*** | ***Информации кои се собирани*** |
|---|---|
| • Годишни извештаи за воспитно - образовната работа на училиштето<br>• Интервју со одговорен наставник за еко проектот<br>• Анкети со наставници, родители, ученици<br>• Анкети со наставници што изведуваат вежби и практична настава<br>• Дневници за работа на паралелките<br>• Кодекси на однесување на наставници, ученици, директор<br>• Еко кодекс<br>• Куќен ред на училиштето<br>• Меморандум за меѓусебна соработка на родителите и училиштето<br>• Распоред за дежурства на наставници<br>• Книга за евидентирање на педагошки мерки<br>• Книга за водени разговори со ученици и родители со изречени педагошки мерки<br>• Дневници за работа со ученици со одредени проблеми, родители и наставници<br>• Правилник за изрекување педагошки мерки<br>• Статут на училиштето<br>• интервју со претседателот на ученичката заедница<br>• Интервју со одговорен професор за ученичка заедница | • Училиштето се истакнува според високиот квалитет на работа и постигањата на учениците во различни области за што сведочат бројните награди и признанија на општинско, регионално и државно ниво.<br>• Сите вработени во училиштето, како и учениците, треба да работат на подигнување на рејтингот на училиштето во локалната средина и да се грижат за угледот на училиштето<br>• Учениците и вработените се чувствуваат безбедни во училиштето, но не се чувствуваат безбедно во училишниот двор, поради големиот број на кучиња. Проблем преставуваат паркираните возила пред училиштето и училишниот двор кои оневозможуваат безбедно поминување на пешачкиот премин и недостапност на противпожарни возила и итна медицинска помош до училишната зграда<br>• Постои распоред за дежурни наставници кој делумно се почитува<br>• Ангажирана е Агенција за обезбедување која се грижи за безбедноста на учениците и спречува влегување на надворешни лица во просториите на училиштето, но учениците и вработените не се задоволни од лицето кое го обезбедува училиштето<br>• Наставниците секојдневно се стремат да ја остваруваат визијата и мисијата на училиштето чијашто содржина е истакната на влезот од училишните простории, но мисијата и визијата е застарена и треба да се изработат нови |

| | |
|---|---|
| | • Голем недостаток е што училиштето нема сопствена училишна зграда<br>• Училиштето ја негува родовата сензитивност и мултикултурализмот<br>• Во училиштето паралелките се формирани со мешан етнички состав и со ученици од двата пола<br>• Во училиштето постои кодекс на однесување на наставници и ученици, но не сите се придржуваат до него<br>• Кодексот за однесување на ученици и наставници не е истакнат на видно место<br>• Во училиштето постои кодекс на однесување на директор, донесен е од страна на асоцијацијата на директори. Овој кодекс не е истакнат на видно место и вработените не се запознати со него<br>• Во училиштето генерално постои позитивна училишна клима. Сепак, професионалната соработка помеѓу вработените треба да се подигне на повисоко ниво каде поголем дел од вработените сметаат дека е неопходно да се работи на тим билдинг со цел да се подобри климата и работната атмосфера во училиштето. Исто така потребно е да се делува на намалување на поделеноста во групи помеѓу колегите и да се подобри снабденоста со нагледни средства за работа<br>• Учениците не се чувствуваат дискриминирани по родова основа и етничка припадност. Учениците се запознати со правилата на однесување и куќниот ред на училиштето |

| **Индикатор за квалитет:**<br>**5.1 Училишна клима и односи во училиштето** | |
|---|---|
| **Јаки страни**<br>• Вработените се стремат да ја остварат визијата и мисијата на училиштето<br>• Училиштето се грижи за здравјето на учениците<br>• Постои физичко обезбедување во училиштето<br>• Учениците се чувствуваат безбедни во училиштето<br>• Паралеките се со мешан етнички состав<br>• Училиштето ја негува родовата сензитивност и мултикултурализмот<br>• Наставниот кадар ужива респект кај родителите на учениците<br>• Во училиштето постојат кодекси на однесување на учениците и на наставниците<br>• Континуирано се применува правилникот за изрекување на педагошки мерки<br>• Висок квалитет на работа и постигања на учениците<br>• Училишната заедница е демократски формирана и учествува во донесување одлуки за прашања од непосреден интерес за учениците<br>• Наставниците во редовните часови вклучуваат активности со еколошки содржини | **Слаби страни**<br>• Застарена мисија и визија на училиштето<br>• Во некои паралелки дисциплината не е на задоволително ниво<br>• Некои ученици не го почитуваат кодексот на однесување и облекување<br>• Голем број на оправдани и неоправдани изостаноци<br>• Учениците не се чувствуваат безбедно во училишниот двор<br>• Лош впечаток оставаат учениците и вработените кои пушат на големиот одмор пред училишната зграда<br>• Училишната зграда е заедничка со друго училиште<br>• Професионалната соработка помеѓу колегите не е на задоволително ниво<br>• Недостаток на заштитна опрема во лабораториите<br>• Недоволна комуникација помеѓу вработените<br>• Слаба работна атмосфера и училишна клима<br>• Слаба промоција на еко-катчето<br>• Кодексот на однесување на учениците и наставниците не се поставени на видно место<br>• Еко кодексот не е поставен на видно место<br>• Слаба афирмација на училиштето<br>• Учениците не се задоволни од лицето кое го обезбедува училиштето |

## Резултати од SWOT анализите

**S**

- Училиштето функционира со мешан етнички состав, безбедноста во училиштето е на завидно ниво, во училиштето постојат функционални кодекси на однесување и се спроведуваат еко активности

**W**

- Професионалната соработка помеѓу колегите не е на задоволително ниво, недоволна комуникација помеѓу вработените, слаба работна атмосфера и училишна клима, слаба афирмација на училиштето

**O**

- Подобрување на взаемната соработка, почит и комуникацијата помеѓу наставниците, наставниците и учениците и самите ученици, зголемување на редовноста на учениците, подобрување на училишната клима

**T**

- Опасност по здравјето на учениците и наставниците во лабораториите поради недостаток на заштитна лабораториска опрема, намален број на запишани ученици поради слабата афирмација на училиштето, учениците и вработените не се чувствуваат безбедни во училишниот двор, хигиената во училиштетето не е на завидно ниво

---

**ПРИОРИТЕТИ**

- **Подобрување на училишната клима и комуникацијата помеѓу вработенитените во училиштето**
- **Зајакнување на афирмацијата на училиштето во локалната заедница и пошироко преку вклучување на сите ученици, наставници и родители како и локалните соработници**
- **Зголемување на безбедноста во училишниот двор и подобрување на хигиената во училиштето**

**Подрачје бр. 5: Училишна клима и односи во училиштето**

**5.2 Промовирање на постигањата**

| *Кои се извори и документи за увид* | *Информации кои се собирани* |
|---|---|
| • Годишни извештаи на училиштето<br>• Анкети со наставници, со ученици<br>• Дневник на паралелка<br>• Пријави за државна матура, резултати од државна матура, | • Училиштето е многу ангажирано во постигнување на високи резултати од учениците, но не сите ученици имаат високи очекувања од самите себе. Наставниците не се задоволни од |

| | |
|---|---|
| критериуми за избор на најдобар и најредовен ученик на паралелка, година и генерација<br>• Веб страна и профили на училиштето на социјалните мрежи | работната атмосфера. Поставуваат високи цели и очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината, но не се во сите паралелки еднакво успешни. Во некои паралелки успехот е многу низок, дисциплината не е на завидно ниво, а бројот на изостаноци на учениците е голем<br>• Средниот успех на учениците на ниво на училиште е добар. Голем дел од матурантите се пријавуваат за полагање на државна матура и покажуваат солидни резултати. Сите наставници ја користат пофалбата како начин за мотивирање на учениците, но не сите ученици се задоволни од тоа колку наставниците ги поттикнуваат да земат учество на натпревари, конкурси и квизови. Сметаат дека во училиштето треба да се води поголема грижа и афирмација за нивните постигања како во редовната настава, така и во воншколските активности. Личните постигања на учениците се промовираат преку информации објавени на веб страната и профилите на социјалните мрежи на училиштето, но недостасува навремено ажурирање на веб страната на училиштето<br>• Голем дел од учениците имаат можности да ја истакнуваат својата креативност и надареност во склоп на различни училишни и вонучилишни активности, но има мислење дека одредени ученици се фаворизираат<br>• Наставниците (како ментори) и учениците учествуваат и постигнуваат значајни резултати на натпревари како на локално така и на регионално и државно ниво, но во училиштето не постои систем за наградување на менторите<br>• Во училиштето се избира најдобар ученик на паралелка, на генерација и на |

| | |
|---|---|
| | ниво на училиште според утврдени критериуми<br>• Родителите се задоволни од работата и односот на наставниците кон учениците |

| **Индикатор за квалитет:**<br>**5.2 Промовирање на постигањата** | |
|---|---|
| **Јаки страни**<br>• **Едуциран наставен кадар**<br>• **Примена на активни техники на учење**<br>• **Голем дел од учениците се пријавуваат за полагање на државна матура и постигнуваат солидни резултати**<br>• **Учениците континуирано учествуваат на натпревари на локално, регионално и државно ниво и постигнуваат значајни резултати**<br>• **Постојат критериуми за избор на најдобар и најредовен ученик на паралелка, година и генерација**<br>• **Учениците се активно вклучени во воннаставни активности во кои се истакнува нивната креативност и надареност**<br>• **Училиштето ги поттикнува наставниците да учествуваат на натпревари и да го промовираат училиштето**<br>• **Училиштето успешно се вклучува во активности на невладиниот сектор, локалната заедница и државата**<br>• **Редовна промоција на постигнувањата на учениците** | **Слаби страни**<br>• **Нема развиен систем за наградување на наставници кои постигнале успех на натпревари и го промовирале училиштето**<br>• **Фаворизирање на одредени ученици**<br>• **Ненавремено ажурирање на веб страната и профилите на училиштето на социјалните мрежи** |

## Резултати од SWOT анализите

**S**

- Континуирано учество на натпревари на локално, регионално и државно ниво, вклученост во активности на невладиниот сектор, локалната заедница и државата, зголемено учество на учениците во вонаставни активности

**W**

- Недостаток на развиен систем за наградување на наставниците, ненавремено ажурирање на веб страната и социјалните мрежи

**O**

- Изработка на правилник за наградување на наставници, зголемена соработка со бизнис секторот

**T**

- Неинформираност на идните средношколци и нивните родители кои би биле потенцијални ученици во нашето училиште

**ПРИОРИТЕТИ:**

- **Редовно ажурирање на веб страната и профилите на социјалните мрежи на училиштето со најнови информации за активностите во училиштето и постигањата на учениците**
- **Воспоставување на систем за наградување на наставниците кои постигнале успех на натпревари со што го промовирале училиштето**

**Подрачје бр. 5: Училишна клима и односи во училиштето**

**5.3 Еднаквост и правичност**

| *Кои се извори и документи за увид* | *Информации кои се собирани* |
|---|---|
| • Анкети со наставници, ученици и родители<br>• Куќен ред на училиштето<br>• Меморандум за соработка со родителите<br>• Записници од родителски состаноци, наставнички совети<br>• Педагошка евиденција и документација во однос на вклученоста на учениците во вонаставните активности<br>• ИОП документација | • Наставниците и учениците ги знаат правата на децата и истите во училиштето се почитуваат<br>• Учениците имаат можности да ги остваруваат своите права во случај на нивно нарушување (пр. при поднесување на приговори за оценки или изречени педагошки мерки)<br>• Родителите во мал дел учествуваат во работилници организирани од страна на училиштето кои се однесуваат на правата на децата, на родителските |

| | |
|---|---|
| | средби на почетокот на годината училиштето ги запознава родителите со правата и должностите на учениците<br>• Во училиштето се промовираат еднаквоста и правичноста. Учениците не се чувствуваат дискриминирани по родова или етничка припадност<br>• Родителите на учениците со посебни потреби се задоволни од соработката со наставниците, асистентите и стручната служба на училиштето<br>• Учениците ја почитуваат сопствената култура и културата на другите етнички заедници<br>• Паралелките во училиштето се со мешан етнички, верски и полов состав.<br>• Училиштето активно учествува во активности организирани од локалната заедница во кои се вклучуваат ученици од различен етнички, верски и полов состав<br>• Училиштето делумно организира заеднички настани и воннаставни активности наменети за културно / јазични мешани групи. Училиштето малку ги користи сите можни стратегии за да обезбеди меѓуетничка соработка<br>• Наставниците се делумно обучени за воведување активности за меѓуетничка интеграција во училиштето и истите делумно ги спроведуваат |

| **Индикатор за квалитет:**<br>**5.3 Еднаквост и правичност** | |
|---|---|
| **Јаки страни**<br>• **Наставниците ги знаат и ги почитуваат правата на децата**<br>• **Наставниците ги поттикнуваат учениците да ги остваруваат своите права**<br>• **Учениците не се чувствуваат дискриминирани во однос на полот, етничката и социјалната припадност** | **Слаби страни**<br>• **Нема работилници за родителите кои се однесуваат на правата на децата**<br>• **Наставниците се делумно обучени за воведување активности за меѓуетничка интеграција во училиштето**<br>• **Мал дел од наставниците реализираат активности за МИО** |

| | |
|---|---|
| • **Во училиштето паралелките се со мешан полов, верски и етнички состав**<br>• **Се почитува сопствената култура и културата на другите етнички заедници од страна на учениците**<br>• **Учениците со посебни потреби се добро прифатени од останатите ученици во паралелката и училиштето**<br>• **Во училишните активности се вклучуваат ученици од различен пол, верска и етничка припадност** | • **Наставниците делумно изработуваат ИОП документација** |

## Резултати од SWOT анализите

**S**

- Се почитуваат правата на децата и во училиштето се промовираат еднаквоста и правичноста при што се почитуваат сопствената култура и културата на другите етнички заедници од страна на учениците и наставниците, добра инклузија на учениците со посебни потреби

**W**

- Нема работилници за родителите кои се однесуваат на правата на децата, мал дел од наставниците реализираат активности за МИО

**O**

- Организирање на работилници со родителите за запознавање со правата и обврските на учениците и родителите, подобрување на меѓуетничката интеграција

**T**

- Неинформираност на родителите за правата и обврските на учениците и родителите, слаба меѓуетничка интеграција

## ПРИОРИТЕТИ

- **Подобрување на меѓуетничката интеграција во училиштето**

**Подрачје бр. 5: Училишна клима и односи во училиштето**
**5.4 Партнерски однос со родителите, со локалната и деловната заедница**

| *Кои се извори и документи за увид* | *Информации кои се собирани* |
|---|---|
| • Годишен извештај за работата на училиштето<br>• Анкети со наставници, родители, ученици<br>• Записници од Советот на родители<br>• Статут на училиштето<br>• Записници од состаноци со родителите во дневник на паралелката<br>• Веб страна на училиштето и профилот на социјалните мрежи<br>• Извештаи од проекти (педагог)<br>• Покани за учество на работилници и семинари<br>• Барања за соработка со работни организации<br>• Договори за соработка со работни организации (меморандуми, договори)<br>• Записници од наставнички совет | • Училиштето ја прифаќа поддршката од родителите кои сакаат да се вклучат во животот и работата на училиштето, но тој број е мал<br>• Училиштето делумно превзема активности за поттикнување на родителите да се вклучат во подобрување на воспитно – образовната работа на сите нивоа<br>• Родителите се информирани за активностите коишто се поврзани со работата на училиштето. Родителите не се вклучени во проекти, активности и манифестации организирани од страна на училиштето<br>• Наставниците имаат средби со родителите во зависност од времето на родителот и покрај истакнатиот распоред со примени денови. Тешко воспоставуваат контакт со родители кои не се заинтересирани за своите деца. Дел од родителите, поради оддалеченоста на местото на живеење, ретко го посетуваат училиштето и родителските состаноци<br>• Родителите се задоволни од приемот на наставниците при нивните посети во училиштето и се чувствуваат добредојдени. Голем дел од наставниците уживаат респект кај родителите<br>• Имплементирањето на информатичката технологија и Е – дневникот им помага на родителите да остварат подобра соработка со наставниците, но мал дел од нив го користат е - дневникот<br>• Училиштето соработува со локалната заедница и со НВО секторот во заеднички проекти |

| | |
|---|---|
| | • Учениците истакнуваат дека училиштето промовира волонтерско вклучување во активности на заедницата, но мал дел од нив се вклучени во активности на НВО секторот<br>• Училиштето остварува соработка со деловната заедница, пред се во насока на изведување на практичната настава и феријалната пракса. Оваа соработка се остварува и при креирање на уписната политика на училиштето. Се јавуваат проблеми во некои работни организации затоа што учениците кои изведуваат практична настава се јавуваат само како набљудувачи<br>• Наставниците што изведуваат практична настава наидуваат на одредени проблеми, како недоволна соработката со некои вработени во работните организации, наоѓање на соодветна работна организација за изведување на практична и феријална настава, финансиски проблеми со превоз и недоволна вклученост на учениците во работата при изведување на практичната и феријалната настава<br>• Училиштето прави напори за воспоставување соработка со училишта на државно и меѓународно ниво, но потребна е поголема ангажираност со цел оваа соработка да биде на завидно ниво |

| **Индикатор за квалитет:**<br>**5.4 Партнерски однос со родителите, со локалната и деловната заедница** | |
|---|---|
| **Јаки страни**<br>• **Родителите се добредојдени во училиштето**<br>• **Соработката на наставниот кадар со најголем дел од родителите е на завидно ниво** | **Слаби страни**<br>• **Родителите не се доволно вклучени во активности во училиштето со цел подобрување на воспитно – образовната работа на сите нивоа** |

| | |
|---|---|
| • **Имплементирањето на информациската технологија и е – дневникот им помага на родителите да остварат подобра соработка со наставниците**<br>• **Училиштето активно учествува во животот на локалната заедница преку учество во проекти и настани од интерес на заедницата**<br>• **Училиштето поддржува и учествува во проекти организирани од страна на невладиниот сектор**<br>• **Училиштето промовира волонтерско вклучување на учениците во активности на заедницата**<br>• **Училиштето остварува соработка со деловната заедница при креирање на уписната политика на училиштето**<br>• **Училиштето прави напори да соработува со училишта на државно и меѓународно ниво**<br>• **Училиштето соработува со родителите, локалната и деловната заедница, НВО и медиумите** | • **Мал дел од родителите го користат е – дневникот**<br>• **Во некои работни организации каде што се изведува практичната настава и феријалната пракса учениците не се активно вклучени туку се само набљудувачи на процесот**<br>• **Соработката со училишта на државно и меѓународно ниво не е на завидно ниво**<br>• **Наставниците што изведуваат практична настава наидуваат на одредени проблеми при изведување на практичната и феријалната настава** |

## Резултати од SWOT анализите

**S**

- Солидна соработка помеѓу родителите и наставниците, навремено информирање на родителите за успехот и поведението на учениците, добра соработка со деловната заедница

**W**

- Дел од учениците во некои работни организации кадешто се изведува практичната настава и феријалната пракса не се активно вклучени туку се само набљудувачи на процесот

**O**

- Интензивирање на соработката со локалната заедница и бизнис секторот при изведување на практичната и феријалната настава

Т

- Мал капацитет на бизнис секторот за вклучување на учениците во практичната и феријалната настава, слаба оспособеност на учениците за вклучување на пазарот на трудот по завршување на средното образование

**ПРИОРИТЕТИ:**

- **Подобрување на практичната настава што се реализира во работни организации**
- **Унапредување на соработката со училишта на државно и меѓународно ниво**

## Подрачје бр. 6 Ресурси

### 6.1 Сместување и просторни капацитети

| ***Кои се извори и документи за увид*** | ***Информации кои се собирани*** |
|---|---|
| • Годишен извештај за работа на училиштето 2024/2025<br>• Годишна програма за работа<br>• План за развој на училиштето<br>• Распоред на простории за изведување настава<br>• Полугодишен и годишен извештај<br>• Записници од работа на стручни активи<br>Спроведен попис на училиштето | Училиштето ги има следните граници и мерки:<br>• Од исток можност за пристап на ул. „Благој Ѓорев “<br>• Од запад со два прелома 165 м и 118 m на ул. „Наум Наумовски Борче “<br>• Училиштето „Димитрија Чуповски “располага со простор и простории со вкупна површина од 27960 $m^2$<br>• Училници 25, 7 кабинети, библиотека, 6 канцеларии, сала за свечености, спортска сала или овие простории зафаќаат површина од 2931$m^2$<br>• Лаборатории, кабинет за нега, козметички салон, пекарска работилница, реална компанија, кариерен центар и просторија за средношколска заедница |

| Индикатор за квалитет:<br>6.1 Сместување и просторни капацитети | |
|---|---|
| Јаки страни<br>• Местоположбата на училиштето<br>• Опременост на одредени кабинети и функционалност на училници, просторини капацитети, достапни учебници, достапни специјализирани средство по стручни предмети | Слаби страни<br>• Недостаток на визуелни и аудио – визуелни средства, стручна и образовна литература<br>• Отпорност кон промени и иновации кај одреден број наставници<br>• Слаба прилагодливост на нови наставни програми и методи<br>• застарена и нефункционална опрема во дел од кабинетите |

## Резултати од SWOT анализите

**S**

- Местоположбата на училиштето
- Во училиштето има доволно простории за непречено одвивање на наставата

**W**

- Во некои училници потребно е заменување на табли

**O**

- Работење на реалната компанија или отворање на нова
- Пренамена на постоечките просторни капацитети во функција на реализирање на наставниот процес

**T**

- Недоволно средства за опремување на кабинети за изведување на настава

## ПРИОРИТЕТИ

- **Подобрување на условите за теоретска и практична настава преку опремување на стручните кабинети со нови современи апарати, нагледни средства, аудио и визуелни средства во училниците и кабинетите**

**Подрачје бр. 6 Ресурси**
**6.2 Наставни средства и материјали (наставници)**

| *Кои се извори и документи за увид* | *Информации кои се собирани* |
| --- | --- |
| • Годишна програма на училиштето и извештај за 2024/2025<br>• Увид во документацијата за планирани и набавени потрошни материјали<br>• Полугодишен и годишен извештај<br>• Записници од стручните активи<br>• Интервју со книговодител на училиштето и библиотекар<br>• Спроведени прашалници кај наставниците | • Училиштето располага со разновидна стручна литература, како и со наставни средства и помагала согласно со нормативите на наставните програми. Учењето и наставата се збогатени преку планирано користење на ИКТ, а исто така и со употребата на интерактивната табла<br>• Училишната библиотека располага со фонд од 12.220 книги, лектирни изданија и стручна литература за потребите на наставниците. Достапни се различни литературни жанрови. Сите книги во училишната библиотека се библиотечно обработени и наменети за задоволување на потребите на учениците и наставниците. Библиотеката работи секој ден во согласност со распоред закачен на вратата на истата<br>• Училиштето располага со аудиовизуелни и технички средства кои помагаат во изведувањето на наставниот процес и реализирањето на наставните програми: 6 ЛЦД проектори, 23 компјутери, 8+ 46 лаптопи за наставниот кадар, една електронска табла, една смарт табла, електронски микроскоп, машини за умножување, ласерски штампачи, телевизори, радио - касетофони, спектрофотометар, оптички спектроскоп, работен стол (козметички), pH-метри, кондуктометар, рефрактометар, разни |

| | |
|---|---|
| | ваги, шпорет, сушари, водени купатила, ладилник и бели табли<br>• Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал (учебници, прирачници, хартија, хартија во боја, стакларија и хемикалии за во лабораториите, како и состојки за потребите на пекарската работилница) во потребно количество за реализација на наставните и воннаставните активности, во согласно со планот на училиштето. Училиштето има процедура за набавка на средства и потрошен материјал врз основа на кој директорот на училиштето подготвува План за обезбедување на средствата и материјалот |

| **Индикатор за квалитет:**<br>**6.2 Наставни средства и материјали (наставници)** | |
|---|---|
| **Јаки страни**<br><br>• **Широка употреба на компјутери во наставата**<br>• **Добра основна опременост со учебници и основни наставни помагала**<br>• **Присуство на стручна литература (лексикони, енциклопедии) во употреба кај дел од наставниците** | **Слаби страни**<br><br>• **Слаба употреба на специфична литература (прирачници, збирки задачи)**<br>• **Недостиг на разновидни наставни средства (експериментални алати, ЛЦД проектори, смарт табли)** |

**Резултати од SWOT анализите**

**S**

- Широка употреба на основни дигитални алатки
- Достапност на основни наставни помагала
- Постоечка стручна литература

**W**

- Мала употреба на специфична стручна литература
- Ограничен пристап до разновидни наставни средства
- Недоволна информираност за библиотечниот фонд
- Потреби што не се исполнети

**O**

- Подобрување на библиотечниот фонд
- Набавка на специфични помагала
- Поддршка преку дигитализација

**T**

- Зависност од личната иницијатива на наставниот кадар за обезбедување со потребен материјал за работа
- Застарени средства и недостаток на иновации

**Подрачје бр. 6 Ресурси**
**6.2 Наставни средства и материјали (ученици)**

| ***Кои се извори и документи за увид*** | ***Информации кои се собирани*** |
| --- | --- |
| • Годишна програма на училиштето и извештај за 2024/2025<br>• Увид во документацијата за планирани и набавени потрошни материјали<br>• Полугодишен и годишен извештај<br>• Спроведени прашалници кај учениците | • Училиштето располага со разновидна стручна литература, како и со наставни средства и помагала согласно со нормативите на наставните програми. Учењето и наставата се збогатени преку планирано користење на ИКТ, а исто така и со употребата на интерактивната табла<br>• Училишната библиотека располага со фонд од 16.815 книги, лектирни изданија и стручна литература за потребите на наставниците. се различни литературни жанрови. Сите книги во училишната библиотека се библиотечно обработени и наменети за задоволување на потребите на учениците и наставниците. Библиотеката работи секој ден во согласност со распоред закачен на вратата на истата |

| | |
|---|---|
| | • Училиштето располага со аудиовизуелни и технички средства кои помагаат во изведувањето на наставниот процес и реализирањето на наставните програми: 6 ЛЦД проектори , 16 компјутери, 46 лаптопи за наставниот кадар, 5 електронски табли, една смарт табла, електронски микроскоп , машини за умножување, ласерски штампачи, телевизор, радио-касетофони, спектрофотометар, оптички спектроскоп, работен стол (козметички), пехаметри, кондуктометар, рефрактометар, разни ваги, шпорет, сушари, водени купатила и бели табла. |

| **Индикатор за квалитет:**<br>**6.2 Наставни средства и материјали (ученици)** | |
|---|---|
| **Јаки страни**<br><br>• **Широка употреба на компјутери во наставата**<br>• **Добра основна опременост со учебници и основни наставни помагала**<br>• **Набавка на стручна литература (лексикони, енциклопедии) за употреба кај дел од наставниците** | **Слаби страни**<br><br>• **Слаба употреба на специфична литература (прирачници, збирки задачи, речници по области)**<br>• **Недостиг на разновидни наставни средства (цртачки, експериментални алати, компјутери, смарт табли)** |

**Резултати од SWOT анализите**

**S**

- Широка употреба на речници и учебници, што покажува основна писменост и редовна употреба на базичните извори
- Обезбеден потрошен материјал
- Голем број ученици користат прибор за пишување

**W**

- Слабо користење на напредна или специјализирана литература
- Ниска информираност на учениците за надополнување на библиотечниот фонд
- Недостаток цртачки прибор и експериментални помагала за практичната настава

**O**

- Подобрување на информираноста за библиотеката и достапните ресурси преку училишни информативни табли, наставници, или дигитални платформи
- Набавка на дополнителна литература (збирки задачи, енциклопедии, специјализирани прирачници) според интересите на учениците
- Поголема интеграција на практични и експериментални активности, преку алати и прибор достапен за различни предмети

**T**

- Недостатокот од ЛЦД проектор, паметни и бели табли за полесно совладување на наставата

**ПРИОРИТЕТИ**

- **Осовременување на училниците, лабораториите и кабинетите каде се реализира наставата и практичната настава и нивно опремување со нагледни средства кои ќе ги поттикнуваат учениците и ќе го зголемуваат нивниот интерес за учење, во секоја училница да се стави ЛЦД проектор, бела или смарт табла**

**Подрачје бр. 6 Ресурси**

**6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар**

| ***Кои се извори и документи за увид*** | ***Информации кои се собирани*** |
|---|---|
| • Норматив за потребен и соодветен наставен кадар | • Во реализација на образовно - воспитниот процес учествуваат директор, педагог, и 49 наставници, некои од наставниците дополнуваат часови од други училишта во општината. Стручната оспособеност на наставниот кадар е во согласност со стандардите пропишани со нормативот даден во наставните планови. Реализацијата на практичната настава која се изведува во лабораториите на |

| | |
|---|---|
| | училиштето по оддредени стручни предмети ја помагаат 3 лаборанти<br>• Наставата по соодветните наставни предмети ја реализира наставен кадар со соодветна стручна подготвеност, високо едуциран кадар кој својот професионален развој го гради врз основа на изготвен Акционен план за професионален развој на ниво на училиште. За таа цел наставниците посетуваат семинари, обуки, работилници и други форми на едукација |

| **Индикатор за квалитет:**<br>**6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар** | |
|---|---|
| **Јаки страни**<br><br>• **Училиштето ги обезбедува потребите од наставен и административно-технички персонал за реализирање на наставниот процес**<br>• **При распределба на кадарот во предвид се земаат квалитетите на наставниците, што придонесува за исполнување на целите на наставата** | **Слаби страни**<br><br>• **Недостаток на психолог**<br>• **Недостаток на дефектолог**<br>• **Недостаток на доедукација на новооработениот стручен кадар** |

**Резултати од SWOT анализите**

**S**

- Стручен и компетентен наставен кадар

**W**

- Некомплетна стручна служба

**O**

- Вработување на психолог, дефектолог

**Т**

- Намалување на бројот на ученици во хемиско-технолошката струка
- Отворање на идентични струки во училиштата во регионот

**ПРИОРИТЕТИ**

- **Поголемо ангажирање на целокупниот наставнички кадар во работата на училиштето во сите останати сфери. На тој начин сите наставници рамноправно би биле вклучени и би дале свој придонес во работата на училиштето.**

**Подрачје бр. 6 Ресурси**

**6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар**

| ***Кои се извори и документи за увид*** | ***Информации кои се собирани*** |
|---|---|
| • Извештај од самоевалуација на училиштето<br>• Годишна програма за работа на училиштето | • Училиштето ги идентификува потребите за професионалниот развој на наставниците преку различни форми за нивна идентификација (преку спроведени анкети и прашалници)<br>• Стручната служба во училиштето во текот на наставната година им помага на наставниците во организацијата на наставата и следење на напредокот |

| **Индикатор за квалитет<br>6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар** | |
|---|---|
| **Јаки страни** | **Слаби страни** |
| • **Планирање и распределба: дел од наставниците потврдиле дека постои финансиски план, и приоритетите се утврдени при** | • **Ниска информираност: во речиси сите финансиски прашања (буџет, распределба, проекти), преовладува одговорот „Не знам “, што укажува на недоволна транспарентност** |

| | |
|---|---|
| распределбата на буџетските средства<br>• **Проекти и апликации: постојат иницијативи за изработка на проекти за финансиска и техничка поддршка**<br>• **Професионален развој: училиштата имаат програми за професионален развој, вклучително и менторство**<br>• **Наставниците учествуваат во обуки и во одредени случаи добиваат финансиска поддршка за надградба**<br>• **Култура на соработка: дел од наставниците чувствуваат дека се поддржани од раководството во врска со нивниот професионален раст** | • **Слаба комуникација помеѓу менаџментот и наставниот кадар**<br>• **Недостаток на повратна информација кон наставниците по завршени обуки/проекти**<br>• **Непристапност до информации, наставниците не се информирани дали се добиени донации или техничка помош** |

## Резултати од SWOT анализите

**S**

- Добро планирање и распределба на буџетските средства и финансиска и техничка поддршка добиени од проекти
- Училиштето има програми за професионален развој, вклучително и менторство
- Наставниците имаат пристап до обуки и во одредени случаи добиваат финансиска поддршка за надградба
- Дел од наставниците чувствуваат дека се поддржани од раководството во врска со нивниот професионален раст

**W**

- Ниска информираност, недоволна транспарентност и слаба комуникација помеѓу менаџментот и наставниот кадар
- Недостаток на повратна информација кон персоналот по завршени обуки/проекти.
- Непристапност до информации за добиени донации или техничка помош

**О**

- Зголемена транспарентност преку вклучување на наставниците во процесите на планирање и евалуација на ресурсите и проекти
- Јакнење на врските со локалната самоуправа и граѓанскиот сектор за добивање на поддршка и донации

**Т**

- Потенцијална недоверба кон раководството
- Зависност од надворешни извори за стабилен буџет
- Губење на мотивација

**ПРИОРИТЕТИ:**

- **Подобрување на транспарентноста и информираноста**
- **Воспоставување јасни и редовни механизми за известување за финансии, проекти и донации (на пр. месечни извештаи, училишни состаноци)**
- **Објавување на резултатите од реализирани обуки и финансиски активности**
- **Активно аплицирање на проекти за дополнителни извори на финансирање (локални и меѓународни)**
- **Подобро искористување на поддршката од локалната самоуправа и соработка со невладини организации.**

**Подрачје бр. 6 Ресурси**

**6.5 Финансиско работење на училиштето**

| ***Кои се извори и документи за увид*** | ***Информации кои се собирани*** |
|---|---|
| • Извештај од самоевалуација на училиштето<br>• Годишна програма за работа на училиштето | • Училиштето ги идентификува потребите за професионалниот развој на наставниците преку различни форми за нивна идентификација (преку спроведени анкети и прашалници)<br>• Стручната служба во училиштето во текот на наставната година им помага на наставниците во организацијата на наставата и следење на напредокот |

| **Индикатор за квалитет**<br>**6.5 Финансиско работење на училиштето** | |
|---|---|
| **Јаки страни**<br><br>• **Постоење на финансиски план**<br>• **Средствата се користат наменски и рационално** | **Слаби страни**<br><br>• **Ниска информираност**<br>• **Недоволна повратна информација, недостасува повратен фидбек и системски пристап кон финансиите** |

**Резултати од SWOT анализите**

**S**

- Постоење на финансиски план

**W**

- Слаба комуникација и транспарентност во училиштето
- Недоволна повратна информација
- Непознато искористување на средства

**O**

- Подобрување на транспарентноста
- Аплицирање за нови проекти
- Обука на наставниците

**T**

- Ниска вклученост во финансиската распределба
- Зависност од надворешни проекти
- Можна неусогласеност со потребите

**ПРИОРИТЕТИ**

- **Воведување редовни состаноци или извештаи за финансиското работење.**
- **Вклучување на вработените во процесот на буџетско планирање.**
- **Формирање тим за проекти кој редовно ќе аплицира за средства од локални и меѓународни извори**
- **Воведување систем за евалуација на придобивките од реализирани проекти и донации**

## Подрачје бр. 7: Управување, раководење и креирање политика

### 7.1 Управување, раководење и креирање политика

| *Кои се извори и документи за увид* | *Информации кои се собирани* |
|---|---|
| • Развоен план на училиштето<br>• Записници од Училишен одбор<br>• Интервју со председателот на Училишен одбор<br>• Анкети и интервјуа со членовите на Училишен одбор<br>• Годишна програма<br>• Кодекс на однесување и облекување на учениците во училиштето<br>• Интервју со директорот<br>• Записници од Наставнички совет<br>• Записници од Совет на родители<br>• Записници од средношколска заедница<br>• Анализа од прашалници за родители, ученици и наставници<br>• Интерни правилници<br>• Статут на училиштето<br>• Огласна табла<br>• Web страна на училиштето<br>• Програма од МИМО<br>• Записници од педагошко – (психолошка служба)<br>• Портфолио/чек листа за еваулација и самоеваулација<br>• Извештај од родителска средба<br>• Извештај од ученичката заедница на паралелката<br>• Закон за средно образование | • Училишниот одбор е конституиран согласно Законот за средно образование и Статутот на училиштето<br>• Состаноците се одржуваат со мнозинство членови и потребен кворум за работа<br>• Наставниците преку наставничкиот совет делумно се информирани за одлуките на Училишниот одбор кои се однесуваат на воспитно образовниот процес, но истите не се на увид на вработените<br>• Училишниот одбор е составен од 12 членови од кои претставникот од Стопанска комора нема право да гласа<br>• Директорот има способност да комуницира со учениците, вработените и родителите, поседува важни особини и интерперсонални вештини вклучувајќи праведност, способност за создавање на доверба, мотивирање и поттикнување<br>• Раководниот орган на училиштето го поддржува реализирањето и спроведувањето на училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето и меѓуетничката интеграција во образованието<br>• Наставниците се насочени кон зголемување на компетенциите за користење на ИКТ, подобрување на тимската работа и примена на стекнатите знаења во функција на остварување на поставените цели<br>• Преку Советот на родители, се добиваат мислења и предлози кои се разгледуваат од страна на училиштето |

| | |
|---|---|
| | при ажурирање на годишната програма и во донесување на одлуки поврзани со подобрување на наставата и редовноста на учениците<br>• Учениците преку низа активности за подобрување на успехот и редовноста учествуваат во реализирањето на целите и успешноста на училиштето<br>• Вработените учествуваат во креирањето и ажурирањето на стратегиите за остварување на поставените цели и подобрување на климата во училиштето |

| **Индикатор за квалитет**<br>**7.1 Управување, раководење и креирање политика** | |
|---|---|
| **Јаки страни**<br><br>• **Раководниот тим дејствува во согласност со законските одредби и усвоени начела штитејќи ги учениците од насилство и злоупотреба**<br>• **Раководниот тим се насочени кон унапредување на квалитетот на учење и кон подобри постигања на учениците**<br>• **Соработка на училиштето со други организации и поддршка од локалната заедница.**<br>• **Националната, етничката, верската, културната и јазичната различност се негуваат и почитуваат во целост.** | **Слаби страни**<br><br>• **Раководниот тим нема континуитет во креирање на средина каде што учениците ќе се чувствуваат безбедни и ќе го негуваат здравиот стил на живеење**<br>• **Недоволна вклученост на родителите во активностите и иницијативите на училиштето**<br>• **Недостапност на директорот и раководниот тим за комуникација со учениците и нивна невклученост во донесувањето на одлуки**<br>• **Учениците кои се соочуваат со лични проблеми, во училиштето не добиваат доволно добра стручна поддршка и помош** |

## Резултати од SWOT анализите

**S**

- Раководниот тим дејствува во согласност со законските одредби
- Раководниот тим соработува со други организации и социјални партнери, има поддршка од локалната заедница за остварување на наставните програми: националната, етничката, верската, културната и јазичната различност се негуваат и почитуваат во целост

**W**

- Ограничено учество на учениците и родителите во процесот на стратешко планирање и носење одлуки, што остава простор за подобрување на инклузивноста и соработката со сите учесници
- Недоволно систематизирано следење и вреднување на ефектите од донесените одлуки и реализираните политики, што може да го намали нивното влијание врз развојот на училиштето
- Непостојана и нерегуларна координација помеѓу стручната служба и наставничкиот кадар, што влијае на ефикасноста на спроведување на воспитно-образовните цели
- Недостаток на формални повратни информации
- Учениците кои се соочуваат со лични проблеми, во училиштето не добиваат доволно добра стручна поддршка и помош

**O**

- Воведување на дигитални алатки за управување и транспарентност
- Поголема вклученост на заедницата преку совети и партнерства
- Развивање на стратегија за активно учество на ученици во донесувањето на одлуки
- Сите одлуки од У.О, Совет на родители и средношколска заедница  да бидат на увид на сите учесници во училиштето
- Комплетирање на стручната служба со психолог и дефектолог

**T**

- Отпор кон промени и нови методи на раководење
- Слаба вклученост на надворешни чинители (заедница, бизнис сектор, невладини организации) во поддршка на училишните политики и развој
- Немање на психолошка служба за поддршка на учениците
- Ниска општествена свест за значењето на образованието, што доведува до помала поддршка и интерес од страна на семејствата и заедницата
- Одлив на ученици (демографски намалувања или миграции), што влијае на функционирањето на училиштето и на распределбата на ресурси

**ПРИОРИТЕТИ**

- **Зголемување на вклученоста на учениците и родителите во процесот на донесување одлуки – преку структурирани анкети, отворени форуми, претставници во совети и редовни консултации**
- **Подобрување на координацијата меѓу стручната служба и наставничкиот кадар, преку заедничко планирање, заеднички состаноци и активности со јасно распределени улоги**
- **Развивање механизми за структурирано собирање и користење на повратни информации од сите чинители, вклучително и преку ИКТ алатки (анкети, дигитални форми, кутии за предлози)**
- **Зголемување на мотивацијата и стручната поддршка за наставниот кадар, особено во областа на лидерски вештини и партиципативно управување**

**Подрачје бр. 7: Управување, раководење и креирање политика**

**7.2 Цели и креирање на училишната политика**

| ***Кои се извори и документи за увид*** | ***Информации кои се собирани*** |
|---|---|
| • Развоен план на училиштето<br>• Записници од Училишен одбор<br>• Интервју со председателот на Училишен одбор<br>• Анкети и интервјуа со членовите на Училишен одбор<br>• Кодекс на однесување<br>• Годишна програма<br>• Кодекс на однесување и облекување на учениците во училиштето<br>• Интервју со Директорот<br>• Записници од Наставнички совет<br>• Записници од Совет на родители<br>• Записници од Средношколска заедница<br>• Анализа од прашлници за родители, ученици и наставници<br>• Интерни правилници<br>• Статут на училиштето<br>• Огласна табла | • Општа цел на училиштето е да го оспособи ученикот да го примени стекнатото и тековното знаење во разни области од човековото живеење што е воедно во согласност со целите на државната и локалната образовна политика<br>• Приоритетно воспитување и образување на учениците преку подигнување на еколошката свест, зголемување на одговорноста на учениците, намалување на отсуствата од часови и подигнување на квалитетот на наставата со примена на интерактивна настава и примена на ИКТ во реализацијата на наставните содржини<br>• Учениците преку низа активности, а пред се со подобрување на редовноста и успехот активно учествуваат во |

| | |
|---|---|
| • Web страна на училиштето<br>• Програма од МИМО<br>• Записници од педагошко – (психолошка служба)<br>• Портфолио / чек листа за еваулација и самоеваулација<br>• Извештај од родителска средба<br>• Извештај од ученичката заедница на паралелката<br>• Закон за средно образование | реализирањето на целите и успешноста на училиштето<br>• Вработените учествуваат во креирањето и ажурирањето на стратегиите за остварување на поставените цели |

| **Индикатор за квалитет**<br>**7.2 Цели и креирање на училишната политика**<br>**Дефинирање на приоритети, политики поврзани со воспитно-образовниот процес, инклузија, заштита, односи, еднаквост и безбедност** | |
|---|---|
| **Јаки страни** | **Слаби страни** |
| • **Целите се застапени во сите стратешки и годишни документи (Годишна програма, наставни програми, стручни активи)**<br>• **Целите се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата, зголемување на редовноста, еколошката и општествената одговорност кај учениците**<br>• **Целите се следени преку извештаи и статистика (успех, отсуства, активности)**<br>• **Учениците имаат соодветен простор за дружење и воннаставни активности**<br>• **Во училиштето континуирано се применуваат јасни правила на однесување** | • **Не се прави проценка и не се поттикнуваат различните способности / афинитети кај сите ученици**<br>• **Недоволна вклученост на родителите во активностите и иницијативите на училиштето**<br>• **Нема континуираност во почитување на правилата на однесување**<br>• **Мала ангажираност на ученици од различни профили во воннаставни активности**<br>• **Нема континунирност во оспособеноста на наставниците за работа со ученици со посебни потреби** |

## Резултати од SWOT анализите

**S**

- Целите на училиштето се усогласени со националната и локалната образовна политика
- Во годишната програма се вклучени јасно дефинирани и реални цели кои се насочени кон унапредување на квалитетот на наставата, редовноста и успехот на учениците
- Наставниците и стручната служба се вклучени во дефинирање и следење на целите
- Преку одредени активности учениците придонесуваат кон реализацијата на дел од целите

**W**

- Ограничена вклученост на учениците и родителите при дефинирање и ревизија на целите
- Нема редовна евалуација на ефектите од политиките и целите врз резултатите на учениците
- Повратните информации од учесниците не се систематски обработувани и искористени при следна ревизија на цели
- Наставниците не се доволно оспособени и мотивирани за работа со ученици со посебни образовни потреби

**O**

- Користење на ИКТ алатки за следење на реализацијата и собирање на повратни информации
- Воспоставување соработка со локалната заедница за поддршка на дел од целите (еколошки, социјални, културни)
- Зголемување на мотивираноста на наставниците преку соодветно вреднување на нивните способности, интереси и квалитети

**T**

- Отпор кон промени од страна на дел од кадарот – формално прифаќање на цели без реална примена
- Намалена мотивација кај учениците за активно учество во училишните процеси
- Недостаток на обуки за наставници во делот на планирање и следење политики
- Честа промена на наставен кадар што ја нарушува континуираноста на поставените цели

**ПРИОРИТЕТИ**

- **Да се слушне мислењето на родителите и учениците при планирање на училишните цели, преку анкети, средби и средношколска заедница**
- **Да се одржуваат заеднички состаноци и активности за заедничко планирање помеѓу наставници, стручна служба и родители**
- **Да се организираат работилници и обуки во училиштето или преку надворешна поддршка**

**Подрачје бр. 7: Управување, раководење и креирање политика**

**7.3 Равојно планирање**

| ***Кои се извори и документи за увид*** | ***Информации кои се собирани*** |
|---|---|
| • Развоен план на училиштето<br>• Годишна програма<br>• Кодекс на однесување и облекување на учениците во училиштето<br>• Записници од Наставнички совет<br>• Записници од Совет на родители<br>• Записници од Средношколска заедница<br>• Анализа од прашлници за родители, ученици и наставници<br>• Интерни правилници<br>• Статут на училиштето<br>• Огласна табла<br>• Web страна на училиштето<br>• Програма од МИМО<br>• Записници од педагошко – (психолошка служба)<br>• Портфолио / чек листа за еваулација и самоеваулација<br>• Извештај од родителска средба<br>• Извештај од ученичката заедница на паралелката<br>• Извештај од воннаставни активности<br>• Извештај од тимот за инклузија | • Училиштето има развоен план одобрен од Училишен одбор, во чија изработка се вклучени директорот, стручната служба и наставниците<br>• Планот е изработен врз основа на анализа на состојбата и анкетирање на учесниците<br>• Годишната програма е усогласена со развојниот план<br>• Наставниците учествуваат во негова изработка додека родителите и учениците делумно<br>• При планирањето се имаат во предвид просторните капацитети, бројот на учениците, паралелките, наставниот кадар, распределбата на часови, нагледните средства и материјали |

| **Индикатор за квалитет**<br>**7.3 Равојно планирање**<br>**Поставување на стратешки цели преку развоен план, вклучување на учесници, анализа на состојбата, следење и ажурирање на планот** | |
|---|---|
| **Јаки страни**<br><br>• **Развојниот план е изработен врз основа на анализа на состојбата.**<br>• **Развојниот план е усвоен на сите нивоа (наставнички, стручна служба, училишен одбор)**<br>• **Активностите се добро распоредени по години и лесни за следење**<br>• **Се користат податоци од самоевалуација за креирање на развојниот план**<br>• **Развојниот план содржи јасно дефинирана визија, мисија и цели**<br>• **Годишната програма е усогласена со развојниот план** | **Слаби страни**<br><br>• **Планот е формално изготвен, но слабо се спроведува во пракса**<br>• **Недостаток на вклученост од страна на родителите и учениците при креирање на планот**<br>• **Нема доволна координација помеѓу различните тимови при спроведување на активностите**<br>• **Наставниците не се доволно информирани за нивната улога во реализацијата**<br>• **Училишните простории не располагаат со современи нагледни средства за реализирање на наставните и воннаставните активности**<br>• **Училишните простории не се одржуваат адекватно** |

## Резултати од SWOT анализите

**S**

- Училиштето има развоен план со јасно дефинирани цели и приоритети
- Планот е усвоен од сите надлежни органи (Совет, Училишен одбор)
- Целите на училиштето се насочени кон унапредување на квалитетот на учење и кон подобри постигања на учениците

**W**

- Родителите и учениците се слабо вклучени во процесот на планирање
- Сите вработени во училиштето не се запознати со начинот на располагање на финансиските средства
- Материјалот за потребите на наставата не се обезбедува во доволни количини

- Недоволна соработка помеѓу тимовите за подобрување на постигањата и подобрување на работната клима во училиштето и меѓучовечките односи (team building преку научно - истражувачки екскурзии)

**О**

- Употреба на онлајн анкети за прибирање мислења од родителите и учениците.
- Можност за користење на проектни средства или грантови за реализација на целите
- Унапредување на дигиталната трансформација на училиштето преку нови ИКТ алатки

**Т**

- Недоволен интерес или ангажман од некои учесници (родители/ученици)
- Честа промена на кадар што влијае на доследноста на спроведувањето
- Ограничени човечки и материјални ресурси
- Недоволна евалуација и повратна информација од засегнатите страни

## ПРИОРИТЕТИ

- **Обука на тимот за ефективно планирање, анализа на податоци и следење на имплементацијата**
- **Редовна евалуација и ажурирање на развојниот план, односно воспоставување годишен термин за преглед и прилагодување на планот според реалната состојба**
- **Добро разработен план за маркетин на училиштето и негова имплементација**
- **Редовно ажурирање на web страната на училиштето**
- **Зголемена соработка со надворешни партнери, вклучување на општината и локални институции во поддршка на цели од развојниот план (обезбедување и дозвола за нови профили)**

Клучни приоритети за наредните две години кои ќе станат составен дел на

Годишните програми за воспитно - образовната работа

во учебните 2025/2026 и 2026/2027години

***Од извршената самоевалуација на училиштето можат да се извлечат следните клучни приоритети од сите подрачја:***

1. Подобрување на соработката со локалната заедница, подобрување на одговорноста на наставниците за меѓупредметни цели.
2. Зајакнување на соработката со родителите, интензивирање на училишни проекти или друг вид проекти (Еразмус+ програмата) за подобрување на наставата.
3. Модернизација на ИКТ опремата, обезбедување соодветни и современи учебници (особено за стручните предмети).
4. Зголемување на примената на ИКТ во наставата, развивање и дистрибуција на квалитетни наставни материјали.
5. Задржување и унапредување на мултикултурноста и инклузивноста.
6. Подеднаква вклученост на учениците, заштита на менталното здравје и академскиот успех на учениците, диверзификација на воннаставни активности.
7. Формализирање на критериумите за избор и вклучување, поддршка и мотивација за наставниците и менторите.
8. Опремување на училниците со ИКТ опрема .
9. Поттикнување на учениците за посета на часовите за дополнителна настава.
10. Зголемена соработка на училиштето со локалната самоуправа и вработените во ОУД „Лазар Лазаревски.
11. Подобрување на опременоста на училниците и кабинетите, набавка на современа опрема, нагледни средства и технологија со цел зголемување на интересот на учениците за време на наставата и целосна реализација на планираните форми и методи.
12. Надоградување на знаењето на наставниот кадар за работа со современа технологија со цел како да се подобри мотивацијата на учениците, а со тоа и нивната желба за стекнување трајно знаење, не само оценка.
13. Превземање на мерки и прилагодување на наставните содржини со цел да се поттикнат и останатите ученици да земат активно учество во различни проекти/активности надвор од редовната настава и промоција на истите.

**14.** Изнаоѓање на начини за зголемување на присуството и интересот на учениците за дополнителна настава.
**15.** Обезбедување на соодветни ресурси и финансиска поддршка за истражувачката работа и наградување на трудот на талентираните ученици.
**16.** Мотивирање на родителите за почеста комуникација со предметните наставници, поголема присутност во училиштето и на родителските средби.
**17.** Модернизација на училиштето ( мебел, апарати, прибор за работа и сл).
**18.** Спроведување на работилници со учениците за одржување на лична хигена како и хигена во училиштето.
**19.** Изготвување на правилник за пушење надвор од училишната зграда и означување на места за пушење.
**20.** Вработување на дополнителен број на хигеничари во училиштето.
**21.** Организирање на работилници и трибини за здрава храна.
**22.** Склучување меморандуми за соработката со високообразовните институции каде нашите ученици го продолжуваат своето образование.
**23.** Определување на термини за работа на учениците со кариерен советник.
**24.** Изготвување на брошури или флаери кои ќе им го олеснат определувањето и уписот на учениците на саканите факултети.
**25.** Модернизација на работните простории во училиштето.
**26.** Изготвување на документ за самооценување на вештините и интересите на учениците.
**27.** Поголема контрола околу реализација на дополнителна и додатна настава.
**28.** Подобрување на практичната настава што се реализира во работни организации и унапредување на соработката со училишта на државно и меѓународно ниво.
**29.** Подобрување на условите за теоретска и практична настава преку опремување на стручните кабинети со нови современи апарати, нагледни средства, аудио и визуелни средства во училниците и кабинетите.
**30.** Одржување на хигиената во училиштето на високо ниво.
**31.** Редовно ажурирање на веб страната и профилите на социјалните мрежи на училиштето со најнови информации за активностите во училиштето и постигањата на учениците.
**32.** Воспоставување на систем за наградување на наставниците кои постигнале успех на натпревари со што го промовирале училиштето.
**33.** Осовременување на училниците, лабораториите и кабинетите каде се реализира наставата и практичната настава и нивно опремување со нагледни средства кои ќе ги поттикнуваат учениците и ќе го зголемуваат нивниот интерес за учење, во секоја училница да се стави ЛЦД проектор, бела или смарт табла.
**34.** Поголемо ангажирање на целокупниот наставнички кадар во работата на училиштето во сите останати сфери. На тој начин сите наставници

рамноправно би биле вклучени и би дале свој придонес во работата на училиштето.

**35.** Подобрување на транспарентноста и информираноста.

**36.** Воспоставување јасни и редовни механизми за известување за финансии, проекти и донации (на пр. месечни извештаи, училишни состаноци).

**37.** Објавување на резултатите од реализирани обуки и финансиски активности.

**38.** Активно аплицирање на проекти за дополнителни извори на финансирање (локални и меѓународни).

**39.** Зголемување на транспарентноста и информираноста

**40.** Воведување редовни состаноци или извештаи за финансиското работење.

**41.** Вклучување на вработените во процесот на буџетско планирање.

**42.** Активно аплицирање за надворешно финансирање.

**43.** Формирање тим за проекти кој редовно ќе аплицира за средства од локални и меѓународни извори.

**44.** Следење и мерење на ефектите од донации и проекти.

**45.** Воведување систем за евалуација на придобивките од реализирани проекти и донации.

**46.** Зголемување на вклученоста на учениците и родителите во процесот на донесување одлуки – преку структурирани анкети, отворени форуми, претставници во совети и редовни консултации.

**47.** Подобрување на координацијата меѓу стручната служба и наставничкиот кадар, преку заедничко планирање, заеднички состаноци и активности со јасно распределени улоги.

**48.** Развивање механизми за структурирано собирање и користење на повратни информации од сите чинители, вклучително и преку ИКТ алатки (анкети, дигитални форми, кутии за предлози).

**49.** Зголемување на мотивацијата и стручната поддршка за наставниот кадар, особено во областа на лидерски вештини и партиципативно управување.

**50.** Да се слушне мислењето на родителите и учениците при планирање на училишните цели, преку анкети, средби и средношколска заедница.

**51.** Да се поставуваат конкретни цели на пример: „намалување на изостаноци за 10%“.

**52.** Да се одржуваат заеднички состаноци и активности за заедничко планирање помеѓу наставници, стручна служба и родители.

**53.** Да се организираат работилници и обуки во училиштето или преку надворешна поддршка.

**54.** Обука на тимот за ефективно планирање, анализа на податоци и следење на имплементацијата.

**55.** Редовна евалуација и ажурирање на развојниот план, односно воспоставување годишен термин за преглед и прилагодување на планот според реалната состојба.

**56.** Добро разработен план за маркетин на училиштето и негова имплементација.

**57.** Редовно ажурирање на web страната на училиштето.

**58.** Зголемена соработка со надворешни партнери, вклучување на општината и локални институции во поддршка на цели од развојниот план (обезбедување и дозвола за нови профили).

**59.** Подобрување н аучилишната клима и комуникација помеѓу вработените во училиштето.

**60.** Зајакнување и афирмација на училиштето во локалната заедница и пошироко.

***Во спроведувањето на самоевалуацијата на училиштето земени се во предвид последната извршена интегрална инспекција, советодавната помош од Бирото за равој на образование и збирниот извештај од екстерното оценување.***

***Приоритетите од оваа самоевалуација ќе послужат како појдовна точка при изработката на следното равојно планирање и годишните програми за наредните учебни години***.